МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# БРИТАНСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕБАТА

## КЛИНИЧКА ПРОГРАМА

# БРИТАНСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕБАТА

## - Клиничка програма -

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.537.6 (410) (035)

БРИТАНСКА парламентарна дебата. – [Скопје] : Младински образовен
Форум, 2009. – 57 стр. ; 23 см

ISBN 978 – 9989 – 2269 – 5 - 3

а) Парламентарна дебата – Велика Британија – Прирачници
COBISS.MK-ID 76069130

Издава:
**Младински образовен форум**

За издавачот:
**Илија Жупаноски**

Автори:
**Ана Бојаџиевска**
**Бојан Маричиќ**
**Лазар Поп Иванов**

Лектура и коректура:
**Силвија Митревска**

Илустрација и обликување:
**Ѓорѓи Томовски**

Финансиски поддржувач:

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
Spillover Monitor Mission to Skopje

Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.

# СОДРЖИНА:

**Предговор** ..... 5

**Вовед во дебата - Дебатата како едукативна алатка и академска натпреварувачка дисциплина** ..... 7

**1. Формат на британска парламентарна дебата** ..... 8
- 1.1 Улога на тимови ..... 8
- 1.2 Редослед на говорите ..... 9
- 1.3 Улога на говорници ..... 11

**2. Теза** ..... 12
- 2.1 Видови на теза ..... 12
  - 2.1.1. Тези на факти, вредности и политики ..... 12
  - 2.1.2 Затворени, отворени и полуотворени тези ..... 13
- 2.2. Толкување на теза ..... 14
  - 2.2.1. Вообичаени грешки при толкување на теза ..... 15
  - 2.2.2 Доградување на случај ..... 16

**3. Аргументација** ..... 18
- 3.1 Градење аргумент ..... 18
  - 3.1.1 Структура на аргумент ..... 18
- 3.2 Видови аргументи ..... 19
  - 3.2.1 Дедукција ..... 19
  - 3.2.2 Индукција ..... 19
  - 3.2.3 Аналогија ..... 20
  - 3.2.4 Причинско-последични врски ..... 20
- 3.3 Побивање и одбивање ..... 21
  - 3.3.1 Побивање ..... 21
  - 3.3.2 Одбивање ..... 24

**4. Градење афирмативен случај** ..... 25
- 4.1 Вовед во градење случај ..... 25
- 4.2 Афирмативни стратегии ..... 26
  - 4.2.1 Елементи на случај на Владата ..... 26
  - 4.2.2 Афирмативна стратегија за поддршка на дебата на вредости ..... 26
  - 4.2.3 Афирмативна стратегија за поддршка на дебата на факти ..... 28
  - 4.2.4 Градење случај за поддршка на дебата на политики ..... 29

**5. Градење негативен случај** ........ **32**
5.1 Негативна стратегија за напад на толкувањето на тезата од страна на Владата (аргумент на одреденост) ........ 32
5.2 Негативна стратегија за напад на случај на вредости и факти ........ 33
5.3 Негативни стратегии за напад на случај на политика ........ 35
5.3.1 Негативни последици ........ 35
Структура на аргумент на негативни последици ........ 36
5.3.2 Контраплан ........ 38
5.3.3 Критика ........ 42

**6. Прашања и коментари** ........ **46**
6.1 Поставување прашања и коментари ........ 46
6.2 Прифаќање прашања и коментари ........ 47

**7. Дебатни вештини** ........ **49**
7.1 Јавно говорништво ........ 49
7.2 Медиумска писменост ........ 49
7.3 Читање. Разбирање ........ 50

**8. Судење** ........ **51**
8.1 Одлука за победникот во дебата ........ 51
8.2 Бодирање на тимовите ........ 51
8.3 Принципи и критериуми за судењето ........ 52
8.3.1 Вреднување на аргументите во дебата ........ 54

# ПРЕДГОВОР

Дебатата како едукативна програма во светот опстојува веќе стотина години. Од самите почетоци па сè до денес, постојано се работи на модифицирање и на унифицирање разни формати на дебатирање кои се составен дел на образовниот процес во многу земји, но и алатка за зацврстување на граѓанската партиципација во општествените случувања.

Дебатата во Република Македонија е присутна од 1994 година, а од 1999 година, со основањето на Младински образовен форум [МОФ], таа почнува да се спороведува како редовна програма на ова здружение. Од 1999 година, па сè до денес, илјадници средношколци и студенти поминаа низ активностите на оваа програма. Македонската дебатна програма во рамките на МОФ е членка на меѓународната мрежа на дебатни организации - Интернационална едукативна дебатна асоцијација [ИДЕА], и наставните содржини, како и предавачите на програмата се сертифицирани од страна на оваа меѓународна асоцијација.

Дебатната програма на Младинскиот образовен форум работи во насока на развој на способноста за истражување, критичко размислување, аргументирано говорење и ефективна комуникација кај младите средношколци и студенти од Република Македонија. Програмата има за цел преку развивање индивидуални вештини кај младите да ја зголеми нивната партиципација во општествените случувања. На овој начин се унапредува образовниот процес и преку процесот на учење се поддржуваат основните вредности на демократското општество.

Начинот на работа во рамки на дебатната програма е изграден врз принципот на активна вклученост на средношколците и на студентите во процесот на учење. Содржината на програмата на учениците и на студентите им овозможува практично да ги применуваат и да ги надополнуваат знаењата стекнати во формалниот образовен процес и притоа да ги збогатуваат своите вештини.

Во академската 2008/09 година, програмата за првпат формално станува дел од високото образование во Република Македонија. Имено, Британската парламентарна дебата, најпознат дебатен формат наменет за студенти, станува дел од Клиничката програма на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Британската парламентарна дебата се спроведуваше како Клиничка програма отворена за студентите од завршните години на сите студиски дисциплини на Факултетот: правни, политички и новинарски студии.

Овој прирачник се издава токму за потребите на Клиничката програма; Британска парламентарна дебата наменета за студентите од Правниот факултет.
Оваа клиничка прогама е дел од проектот „Клинички програми за студенти по право“ имплементиран од Младинскиот образовен форум, во втората половина од 2008 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје. Проектот е целосно финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Преку содржините обработени во прирачникот студентите можат да се запознаат со структурата на Британската парлемантарна дебата, улогите на секој од учесниците во дебата и со основните правила на дебатирање. Во фокусот на содржините се темите поврзани со логичко размислување

и аргументација како суштина на самата дебата.  Но, употребата на прирачникот не е ограничена на студенти од Правниот факултет. Според нивото на прирачникот, со содржините може да се користат и студентите кои се подготвуваат за национални и за меѓународни натпревари по Британска парламентарана дебата, но и професорите и асистентите од универзитетите кои преку дебата можат да обработуваат најразлични теми во рамките на наставниот час.

Конечно, Младинскиот образовен форум би сакал да ја изкаже својата благодарност кон Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Правниот факултет „Јустинијан Први“ за поддршката  при реализација на проектот „Клинички програми“ во чии рамки се публикува и овој прирачник.

Авторите

# ВОВЕД ВО ДЕБАТА - ДЕБАТАТА КАКО ЕДУКАТИВНА АЛАТКА И АКАДЕМСКА НАТПРЕВАРУВАЧКА ДИСЦИПЛИНА

Дебата претставува основна алатка која ги поддржува демократските процеси во едно општество. Единствено преку отворена дискусија и преку вклучување на различни општествени фактори, спротивставување различни мислења во општеството, преку разгледување различни можни решенија за постоечките проблеми и претставување прогресивни идеи може да се постигне напредок во општеството.

Дебата, исто така, се смета и за образовна методологија, како и за академска натпреварувачка дисциплина. Дебата често се користи при самите предавања на училиштата и на универзитетите. Предавалните повеќе не се места во кои на учениците и на студентите им се сервираат готови информации. Напротив, тие се места каде учениците и студентите можат критички да им пристапат на многубројните достапни информации по однос на различни прашања.

Дебата се користи како метод за совладување одредена содржина, дополнително преку неа се стекнуваат и одредени вештини кои се неизмерно значајни за академскиот развој на една индивидуа. Тука спаѓаат вештините на критичко читање, анализирање информации, нивно селектирање и систематизирање, логичко размислување, конструирање аргументи, активно слушање, вештини на тимска работа и јавно говорење итн.

Покрај имплементирањето на организираната и структиурана дебата како методологија за изучување одреден предмет во рамки на наставата, истата во образовниот систем е присутна и како натпреварувачка дисциплина.

За да постои натпреварувачка дебата, мора да постојат и точно определени правила на натпреварување, односно дебатата мора да биде организирана во одредена форма. За таа цел постојат различни формати на дебатирање. Карактеристично за секоја натпреварувачка дебата е тоа што таа мора да има определен број на говорници организирани во тимови. Секој говорник зборува по точно утврден редослед и времетраењето за секој говор е познато. Притоа, секој тим, а и секој говорник поединечно имаат одредена улога, а секој говор генерална структура која би требало да ја содржи.

Најпознати дебатни формати кои се практикуваат на универзитетско ниво се: американска и британска парламентарна дебата, при што вториот е пораспространет на глобално ниво.

Британската парламнтарна дебата влече корени од процедурите во двата дома на Британскиот парламент. Токму затоа и велиме дека дебатата се одвива во Домот. Изразот *„Дом“* симболично се однесува на донесувачите на одлуки во институцијата парламент, но во вистинскиот контекст на дебата се мисли на самите учесници во дебатата. Темата за дебата ја предложува претседавачот на домот, кој, воедно, ја модерира целата дебата и донесува одлука за победникот. Во дебата се натпреваруваат четири тимови составени од по двајца говорници. Притоа, два тима ја поддржуваат темата, додека другите два ја напаѓаат. Тимовите кои дебатираат за усвојување на предлогот на домот се нарекуваат Пропозиција или Влада, додека тимовите кои дебатираат против предлогот се нарекуваат Опозиција. Тимовите, всушност, претставуваат политички партии или фракции. Дебатата се одвива во два дела, т.е. „две маси“. На овој начин, всушност, се симулира дебата во двата дома на Британскиот парламент, односно „првата маса“ го претставува - Долниот дом, додека „втората маса“ - Горниот дом на Парламентот. На „првата маса“ дебатираат Првата влада и Првата опозиција, додека на „втората маса“ дебатираат Втората влада и Втората опозиција. Тимовите кои се на иста страна од „масата“ бранат ист став по однос на предлогот на Домот, но нивните гледишта не се заеднички и идентични.

Во престижните универзитети и училишта во светот се формираат дебатни здруженија. Овие дебатни здруженија се фокусираат на изучувањето на дебатата како вештина и практично ја применуваат натпреварувајќи се со здруженија од другите училишта и универзитети. Најстарите и најпознатите дебатни здруженија во светот се стари повеќе од 200 години. За најстаро се смета дебатното друштво на колеџот „Тринити" од Даблин, кое официјално датира до 1770 година, а влече корени уште од 1747 година. Понатаму ги имаме старите и познати дебатни општества од Оксфорт, Кембриџ, Харвард итн.

На годишно ниво се случуваат голем број локални, регионални, национални и меѓународи турнири во Британската парламентарна дебата. Меѓу нив и официјалното Светско дебатно универзитетско првенство, кое се случува секоја година по Божиќ и Европското универзитеско дебатно првентсво кое се случува во текот на летото. Секоја година првенствата се оддржуваат во различна земја, и тоа на најпрестижните универзитети. Учеството и резултатите постигнати на овие натпреварувања не се само индивидуална сатисфакција на студентите кои учествуваат, туку тие се и мерило за вредноста и престижноста на самата институција.

# 1. ФОРМАТ НА БРИТАНСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕБАТА

Форматот на Британската парламентарна дебата, можеби, е најсложениот дебатен напреварувачки формат кој се практикува во светот. Тоа што го издвојува и го прави сложен овој формат е бројот на тимовите кои се вклучени во една дебата. Имено, во секоја дебата од овој тип дебатираат четири тима. Два тима поддржуваат иста страна на одредена теза, додека другите два тима ја напаѓаат истата теза. Сепак, секој тим дебатира за себе, односно се натпреварува со сите други тимови без разлика која страна ја поддржуваат. Секој од четирите тима има за цел да поддржи или да отфрли одредена теза, но и да победи во дебатата. Тимовите кои ја поддржуваат тезата се нарекуваат „Пропозиција" или „Влада". Тимовите, пак, кои ја напаѓаат тезата или предлозите на „Владата" се нарекуваат „Опозиција". Од двата тима што ја бранат тезата, првиот е назначен како „Прва влада", додека другиот тим се нарекува „Втора влада". Тимовите кои ја напаѓаат тезата, се нарекуваат „Прва опозиција" и „Втора опозиција".

Секој од овие тимови е составен од по два члена, односно двајца дебатери, што значи дека во дебата учествуваат вкупно 8 дебатери распределени во четири тима. Притоа, секој тим и секој говорник имаат различна улога во дебатата.

## 1.1 Улога на тимови:

**„Првата влада"** има задача да дебатира „ЗА" тезата, произнесувајќи позиција во дебатата која е целосно наклонета кон тезата, односно ја афирмира тезата што е предмет на дебата. За таа цел „Првата влада" треба да креира и да понуди случај со кој ќе ја поддржи самата теза. Случајот мора да биде поддржан од аргументи, за кои се расправа понатаму во дебатата. Главна цел на „Првата влада" е да ги одбрани сопствените аргументи и да ја оддржи нивната релевантност во текот на целата дебата.

**„Првата опозиција",** како што сугерира и самиот назив на овој тим, има задача да се спротивстави на аргументите на „Првата влада", односно да го нападне случајот кој таа ќе го понуди. Дополнително

**„Првата опозиција“** понудува и свој случај, односно креира и свои аргументи преку кои ја негира тезата и ќе се спротивстави на тврдењето што го поставува „Првата влада“.

**„Втората влада“** преку својот случај го доградува оригиналниот случај на „Првата влада“, и на тој начин ја насочува дебатата во нови предели на критичкото размислување. Во зависност од тоа дали ќе успее да понуди аргументација која подобро или повеќе ја поддржува тезата во однос на случајот од „Првата влада“, и дали ќе успее да ги одбрани своите аргументи од нападите на Опозицијата се одредува дали „Втората влада“ ќе успее да победи во дебатата.

**„Втората опозиција“**, пак, ја напаѓа позицијата на „Втората влада“ и расправа за новосоздадените аргументи. Секако, „Втората опозиција“ нуди и нови сопствени аргументи кои се различни од тие што ги понудила Првата опозиција. Притоа „Втората опозиција“ би требало да се осврне и на поентата и на аргументите кои биле изнесени во првата половина на дебатата.

## 1.2 Редослед на говорите

Секој од говорниците има одредени улоги и задачи. Говорниците во Британската парламентарна дебата настапуваат според следниов редослед:

- 1 говорник на дебатата – **премиер** – првиот член на „Првата влада“ – говор во времетраење од 7 минути.
- 2 говорник на дебатата – **лидер на опозиција** – првиот член на „Првата опозиција“ – говор во времетраење од 7 минути.
- 3 говорник на дебатата – **заменик-премиер** – вториот член на „Првата влада“ – говор во времетраење од 7 минути.
- 4 говорник на дебатата – **заменик-лидер на Опозицијата** – вториот член на „Првата опозиција” – говор во времетраење од 7 минути.
- 5 говорник на дебатата – **лидер на Втора влада** – првиот член на „Втората влада“– говор во времетраење од 7 минути.
- 6 говорник на дебатата – **лидер на Втора опозиција** – првиот член на „Втората опозиција“ – говор во времетраење од 7 минути.
- 7 говорник на дебата - **член на Втора влада** – вториот член на „Втората влада“ – говор во времетраење од 7 минути.
- 8 говорник на дебатата – **Член на Втора опозиција** – вториот член на „Втората опозиција“ – говор во времетраење од 7 минути.

## Илустрација на форматот Британска парламентарна дебата



## 1.3 Улога на говорници

| | |
|---|---|
| **Премиер** | • Ја интерпретира и дава краток вовед за тезата;<br>• предлага случај со кој ја поддржува тезата;<br>• нуди аргументи за поткрепа на случајот и дава објаснување на истите (најчесто случаите содржат 2-3 аргумента);<br>• завршува сумирајќи ги најважните поенти од својот говор. |
| **Лидер на опозиција** | • Го иницира „судирот“ во дебатата (дебатира против тезата);<br>• го напаѓа случајот понуден од Владата;<br>• ги побива аргументите што ги понудила Владата;<br>• претставува аргументи за поткрепа на позицијата која ја застапува. |
| **Заменик-премиер** | • Ги одбива сите аргументи со кои бил нападнат случајот на Владата;<br>• презентира нови докази и примери кои ги поткрепуваат аргументите;<br>• ги реконструира принципите на владиниот случај онака како што ги презентирал премиерот;<br>• нуди нов/и аргумент/и кои го поткрепуваат целиот случај. |
| **Заменик-лидер на опозиција** | • Ги побива аргументите кои ги презентирал заменик-премиерот и го зацврстува првичниот напад на лидерот на Опозицијата;<br>• дава нови докази и примери за да го поткрепи побивањето на владиниот случај и го зацврстува својот случај;<br>• понудува нов/и аргумент/и во корист на Опозицијата;<br>• го сумира дотогашниот тек на дебатата и го истакнува стојалиштето на Опозицијата. |
| **Лидер на Втора влада** | • Се осврнува на дотогашниот тек на дебатата, одговара на новопрезентираните аргументи од страна на заменик-лидерот на Опозицијата;<br>• го доградува оригиналниот случај на Владата во насока на поддршка на тезата;<br>• ја пренасочува дебатата во нова насока, внесувајќи нови аргументи. Притоа, задолжително покажува лојалност и конзистентност кон првата влада. |
| **Лидер на втора опозиција** | • Осврнувајќи се на дебата која се одвивала на првата маса, ја негира позицијата етаблирана од страна на владата;<br>• нападот го фокусира на дополнувањето на случајот и ги напаѓа аргументите понудени од страна на лидерот на втората влада;<br>• понудува нови оригинални аргументи кои ја негираат тезата, притоа внимавајќи да се поинакви, но во согласност со аргументите презентирани од Првата опозиција. |
| **Член на втора влада** | • Ја сумира дебатата од страна на пропозицијата;<br>• ја брани промената внесена од страна на лидерот на Втората влада од нападите на лидерот на Втората опозиција;<br>• ги издвојува причините поради кои домот треба да ја поддржи тезата, притоа истакнувајќи го придонесот на Втората влада кон оваа одлука;<br>• не е дозволено да внесува нови аргументи. |
| **Член на втора опозиција** | • Ја сумира дебатата од страна на Опозицијата;<br>• Бара од Домот да ја отфрли тезата и објаснува зошто токму аргументите понудени од страна на Втората опозиција се главна причина за истото да се случи.<br>• Не е дозволено да внесува нови аргументи |

# 2. ТЕЗА

За да се развие дебатата, секогаш мора да постои дебатлива тема на која можат да постојат различни видувања и спротивставени ставови. Во натпреварувачките формати на дебата за темата на која се одвива дебатата се користи терминот „теза". Во Британската парламентарна дебата расправата ја иницира „Домот" предлагајќи одредена теза. Оттука, тезите најчесто започнуваат со фразата *„Овој дом треба да...", „Овој дом би...", „Овој дом верува..." итн.*

Тезата претставува одреден предлог, односно одредено прашање или поставка по однос на која треба аргументирано да се расправа и да се донесе одлука во Домот.

Владата ја предлага ваквата поставка, т.е. *теза* како вистинита и гради специфичен случај преку кој настојува да ја докаже. Наспроти тоа, Опозицијата има за цел да ја негира тезата, односно да ја претстави како повеќе невистинита отколку вистинита, притоа директно спротивставувајќи му се на случајот кој го предлага Владата.

Карактеристично за натпреварувањата во Британска парламентарна дебата е тезата за престојната дебата да се соопшти само 15 до 20 минути пред почетокот на дебатата. Тоа значи дека тимовите имаат ограничено време за подготовка и затоа е потребно многу брзо и вешто да ги консолидираат ставовите во тимот и да состават силен случај. Притоа, не смеат да користат интернет, да бараат дополнителна литература или да се консултираат со луѓе надвор од тимот.

## 2.1 Видови на теза

Во зависност од прашањата кои ги опфаќаат и пристапот кој треба да го имаме при интерпретација на истите, тезите се класифицираат во повеќе видови и подвидови. Дефинирањето и разликувањето на различните типови тези не е толку значајно од теоретски, колку од практичен аспект. Основен предуслов за успешен развој на дебатата е да се разбере тезата и да се сфати што таа бара од дебатерите.

### 2.1.1. Тези на факти, вредоности и политика

Една од најприфатените поделби во согласност со содржината која ја опфаќаат е поделбата на тези на факти, вредности и политика. Ваквата поделба не е конечна и многу често се наоѓаат тези кои се комбинација од два, па дури и од сите три вида.

| Вид на теза | Објаснување | Примери |
|---|---|---|
| **Тези на факти** | Претставува теза која наложува да се проверува вистинистоста на одредна информација, опсервација, опис, историски податок, дефиниција, заклучок и сл. врз основа на факти кои ја потврдуваат или ја негираат. | **„Овој дом верува дека криминалното однесување е билошки одредено"**<br><br>**„Овој дом верува дека моменталната економска политика на Владата на РМ дава негативни разултати"** |

| | | |
|---|---|---|
| **Тези на вредности** | Тезите од овој тип повеќе бараат да се даде квалитативен суд околу внатрешната вредност на некоја појава, предмет, идеја, настан, дело, личност или сл., односно проценување дали е истото добро или не. Притоа, може да стане збор за естетски, морални, политички, културни вредности итн. | **„Овој дом оправдува граѓанска непослушност”**<br><br>**„Овој дом повеќе верува во социјална еднаквост, отколку во културна различност“** |
| **Тези на политика** | Се работи за тези кои бараат некаква промена во моменталниот систем, односно повикуваат на конкретна акција за решавање постоечки проблеми. Најчесто го содржат зборот **треба**. | **„Овој дом треба да го зголеми слободниот пристап до информации“**<br><br>**„Овој дом треба да го реформира здравствениот систем“** |

## 2.1.2 Затворени, отворени и полуотворени тези

Во согласност со слободата при интерпретација која ја дозволуваат, разликуваме затворени, полуотворени и отворени тези. Сепак, и во овој контекст не може да се изврши строга поделба.

### Затворени тези

Тоа се оние тези кои ги одредуваат конкретната тема и предметот на дебатата. Содржат поими со општо познато значење кои ретко можат да се сфатат и да се интерпретираат на повеќе различни начини.

**Пример:**

Тезата: „Овој дом го поддржува проширувањето на НАТО кон исток“ нуди јасна насока во која ќе се развива дебатата, односно се знае дека се зборува за Северноатлантската алијанса која е меѓународна безбедносна организација, а дека тоа што е прашање на дебатата е дали истата треба да прими нови членки во своите редови. Ова е пример за затворена теза и не остава можност за поинакво толкување. Единствено не се прецизирани земјите кои би можеле да се придружат на Алијансата, но и за тоа можностите се ограничени. Тезата може да биде и уште повеќе ограничена, односно да гласи „Овој дом верува дека дојде времето кога Русија треба да стане дел од НАТО“.

### Полуотворени тези

Станува збор за тези во кои Домот задава тема на дебатата, но на тој начин што им овозможува на дебатерите да го одредат фокусот, односно самиот предмет на расправа во рамки на таа тема. На ваквата теза £ треба дополнително толкување, а Владата има одредена слобода да го изврши.

**Пример:**

Доколку ја разгледаме тезата: „Овој дом верува дека слободата отиде предалеку во Западниот свет“, лесно е воочливо дека станува збор за тематика поврзана со случувањата во земјите кои се именуваат како Западен свет. Иако за овој поим не постои општо прифатена дефиниција, сепак, под него може да подразбереме група на држави во релативно дефинирани географски рамки кои имаат развиени економии и стабилни влади и притоа покажуваат сличности во политичкото уредување, економската политика, па и во самата култура на живеење. Сепак, не е едноставно да се дефинира што спаѓа под поимот Западен свет и дали ваквиот поим воопшто определува нешто. Уште потешко е да се подразбере што би значел поимот слобода во контекст на дебатата. Оттука, Владата има можност под слобода да подразбере повеќе различни видови слобода. Дебата може да се развие околу едно од следниве прашања: слобода на говор, слобода на религија, слободна трговија, слобода на движење од една во друга земја, па дури и околу моралот на луѓето и нивното условно речено „преслободно“ однесување.

**Отворени тези**

Овој тип тези не ја прецизираат точната тема на расправа. Дебатерите преку дефинирање на значењето на поимите имаат можност да ги одредат и темата и предметот на дебатата. Самите поими кои ја сочинуваат се доволно генерални и двосмислени што дозволуваат голем број начини на толкување, кои значително се разликуваат меѓу себе.

## 2.2. Толкување на теза

Кај објаснувањата за теза очигледно е дека Домот, иако ја предлага тезата, секогаш целосно не го одредува предметот на расправа. Оваа улога на одредување на предметот во Британската парламентарна дебата ја има Првата влада. Првиот говорник на Првата влада, т.е. премиерот има задача на самиот почеток на своето изложување да понуди толкување на тезата. За таа цел премиерот прво треба да го дефинира предметот на расправа, односно да претстави што Владата предлага како конкретен предмет на дебатата во рамки на зададената тема. Понатаму тој треба да ги објасни поимите кои го определуваат предметот.

Начинот на толкување на тезата зависи од видот на самата теза и влијае на конструкцијата на случајот. Некои тези бараат поимите кои ги содржат да бидат протолкувани во нивното буквално значење. Други, пак, оставаат можност Првата влада да го одреди предметот на дебата или, пак, на различни начини, на пр.: преку користење метафора и аналогија, да го одбере оној начин на толкување кој би бил најочекуван.

Постојат и видувања дека толкувањето на термините во нивно буквално значење само по себе е проблематично. Ваквото видување, т.н. параметрички модел на толкување, дозволува повеќе различни толкувања за еден поим со навидум ограничено и јасно воочливо значење.

Во Британската парламентарна дебата најчесто се среќаваат затворени тези или полуотворени тези и можностите за интерпретација се ограничени во таа смисла што од Првата влада се очекува да го понуди она толкување за тезата кое е најочигледно, односно најочекувано. Толкувањето мора да има јасна и логична врска со тезата. Тоа значи дека просечна разумна личност која поседува општи познавања би можела да ја разбере и да ја прифати таа врска. На овој начин сите тимови во дебатата се во еднаква фер позиција, односно можат ефективно да го искористат времето за подготовка кое го имаат пред дебатата. Се разбира, дококолку тезата е од отворен карактер, Првата влада има право да го даде тоа значење кое го смета за најсоодветно.

**Пример:**

**за можен начин на толкување на отворена теза од страна на премиерот:**

Почитуван г. претседавач, почитувани членови на Парламентот. Денес ќе расправаме по однос на предлогот: „Овој дом го поддржува правото на избор“. Под право на избор оваа влада го сфаќа правото на индивидуата да избере меѓу живот и смрт. Оттука денешната дебата ја фокусираме на тврдењето: „Доброволната еутаназија треба да биде легална“. Под еутаназија треба да подразбереме чин на завршување на животот на една индивидуа која страда од смртоносна болест или е во неизлечлива состојба, преку давање смртоносна инјекција или укинување специјален медицински третман. Доброволно, значи по барање или со согласност на самиот пациент. Да биде легална, значи да се донесе легислатива која на медицински лица им дозволува да извршат еутаназија во строго определени ситуации без да бидат кривично гонети. Денес Владата од овој дом бара да го поддржи правото на избор поддржувајќи ја доброволната еутаназија.

## 2.2.1. Вообичаени грешки при толкување на теза

Најважно при толкувањето на тезата е таа да остава доволено можности за да биде нападната од Опозицијата, односно толкувањето да биде праведно и да понуди соодветна основа врз која двата тима ќе може да развијат случај и да понудат аргументи. Во спротивно, нема да има простор за да се развие судир, а вината за тоа ќе ја понесе Првата влада, која ќе биде казнета и, веројатно, ќе ја изгуби дебатата. Постојат неколку видови грешки кои вообичаено се среќаваат во Британската парламентарна дебата.

**Толкувањето е премногу ограничено, т.е. бара специфично знаење**
Не е во ред дебата да се сведе на одредено географско подрачје или на политичко прашање што не е глобално познато. Дебата за заштита на културно наследство, на пример, не може да се ограничи на дебата за заштита на јазикот аину, кој е во изумирање, а е зборуван од истоимента етничка група која живее на островот Хокаидо, во Северна Јапонија. Ниту, пак, дебата за заштита на животната средина да се сведе на прашања од молекуларната биологија.

**Толкувањето претставува труизам**
Тезата се дефинира во таа форма што не остава простор за разумно спротивставување. Така, на пример, тезата: „Овој дом е против пушење“ Владата не смее да ја сведе на: „Овој дом треба да потврди дека пушењето е штетно по здравјето на луѓето“. Околу ова се согласуваат мнозинството од луѓето бидејќи истото е докажано и општопознато и оттука Опозицијата не би можела да ја нападне владината позиција.

**Толкувањето претставува тавтологија**
Ова значи дека при толкување на тезата говорникот врши само повторување на поимите дадени во неа, без да навлегува во нивната суштина и да го објасни нивното значење, ниту, пак, да го прецизира предметот на дебата. На пример, за тезата: „Овој дом треба посилно да го поддржи почитувањето на човековите права“ не би било во ред Владата да ја толкува во смисла дека Домот треба подобро да ги заштити човековите права повеќе и дека за еден тим да победи во дебата, треба да докаже дека е добро да се бориме за поголемо придржување до човековите права. Тоа не дава соодветна основа за дебата бидејќи Владата со самото предложување на тезата ги поддржува човековите права.

**Недоволно ограничена**
Тешко е да се дебатира на премногу ограничена тема. Но, подеднакво е невозможно да се развие квалитетна дебата на недоволно дефинирано прашање, односно недоволно дефинирана теза. Иако

ретко, тезите на кои се дебатира во Британската парламентарна дебата може да бидат отворени тези. Тоа, несомнено, значи дека преку толкувањето треба да се стесни доволно за да се препознае предметот на дискусија. На пример, не може да се дебатира на тезата: „Овој дом би ја ограничил слободата“. Слободата е премногу широк поим за да може да се развие дебата со негова проста дефиниција. За поедноставување, под поимот слобода можеме да подразбереме слобода на говорот. Сепак, за успешна дебата би требало да се нагласи дека слободата на говор се ограничува во одредени околности и да се потенцира за кои околности се работи. Тешко дека може да дебатираме за ограничување на слободата во говорот во секоја смисла. Ваквата дебата би била неразумна. На пример, доволно ограничено толкување би било ограничувањето на слободата да се поистовети со ограничување на слободата на говорот во универзитетските кампуси.

## 2.2.2 Доградување случај

Тимовите кои дебатираат на втората маса имаат специфична улога карактеристична за форматот на Британската парламентарна дебата. Оваа улога е особено забележлива кај Втората влада бидејќи лидерот на Втората влада го отвора вториот дел од дебата. Имено, тој треба да направи доградување на случајот кој го претставува Првата влада. Доградувањето подразбира дека фокусот на дискусијата се префрла на друго централно прашање. Ова не значи дека на втората маса дебатата е целосно поинаква од онаа која се одвивала на првата маса. Сепак, дополнувањето би требало да биде точка на пресврт во дебатата и затоа Втората влада не смее само да ги повторува и да ги надополнува идеите кои веќе ги изложила Првата влада. Притоа, Втората влада мора да остане лојална на Првата влада и затоа треба да заземе позиција која е доследна со позицијата што ја изградила Првата влада.
Првата влада ја има привилегијата да настапува прва. Тоа значи дека таа има можност да ги одбере најдобрите аргументи и да ги презентира во своето излагање и доколку дебатерите од Првата влада се искусни и квалитетни, Втората влада може да се најде во незавидна позиција. Но, ова не треба да изгледа застрашувачки. Доградувањето на случај може да претставува и поинаква анализа на постоечките аргументи или, пак, пресврт во перспективата од која се разгледува одредено прашање. Тимовите на втората маса можат да се обидуваат да ја разгледуваат тезата од аспект на некоја заинтересирана страна која не била доволно застапена во првиот дел на дебатата или, пак, да ја сведат на различно ниво на анализа.

### Пример:

**Домот го дал следниов предлог: „Овој дом би ги вклучил жените во војската“**

Првата влада предлага жените задолжително да отслужуваат војска и да биде дозволено да бидат мобилизирани при воена состојба, односно предлага во едно семејство кое има деца да може да биде мобилизиран кој било од сопружниците без разлика на полот. Првата влада ја поддржува оваа теза на начин што тврди дека е неоправдано мажите и жените да уживаат еднакви права во сите полиња, но, сепак, жените да бидат заштитени во одредени околности. Понатаму, Првата влада аргументира дека на овој начин жените ќе ја зголемат својата приврзаност кон татковината и чувството на патриотизам што ќе ги направи поодговорни граѓани и ќе влијае на нивната активност. Конечно, ги образложува практичните придобивки кои би ги имала една држава доколку поголем број од граѓаните ги поминат обуките кои се дел од отслужувањето на воениот рок и како истите би можеле да помогнат во соочувањето со последиците од природни катастрофи и хуманитарни кризи, би учествувале во одбрана на татковината доколку е потребно итн.

Втората влада се согласува со ставот кој го зазема Првата. Односно, се согласува дека е праведно и жените да бидат вклучени во војската и дека е тоа особено значајно и нуди придобивки за државата (што е и главен фокус во случајот на Првата влада). Но, тоа што Втората влада го смета за најзначајно во дебата е како ова ќе влијае на жените и на борбата за еднаквост меѓу половите. Втората влада констатира дека во моментов сè уште постојат перцепции во општетството дека жените се инфериорни на мажите и како главна причина која ги одржува во живот ваквите ставови е токму нееднаквоста во обврските меѓу половите. Оттука, Втората влада аргументира дека задолжителното учество во војска за жените ќе ја смени перцепцијата која постои за жените во општетството, односно ќе се третираат како еднакви со мажите. Втората влада тврди дека со ова се отвораат вратите за еднаквост во другите полиња, како, на пример, закони кои дозволуваат мажите наместо мајките да земат отсуство од работа за да се грижат за децата итн. Вториот аргумент на Втората влада е дека учеството на жените во војската ќе ги смени и перцепциите на жените за себе што би резултирало со поттик за жените повеќе да се вклучуваат во останатите сфери во кои доминираат мажите, пр.: политиката итн.

Оваа улога воопшто не е лесна бидејќи не е едноставно да се внесе оригинална и освежувачка промена без притоа да се измени суштинското значење на толкувањето на тезата која ја дала Првата влада. Дополнително, треба да се внимава да не се негираат или омаловажат ниту самите аргументи кои ги изнела Првата влада во својот случај. Од друга страна, пак, не смееме да заборавиме дека Втората влада се натпреварува со Првата и оттука оправдано претендира да биде подобра. Оттука Втората влада треба да покаже дека нејзините оригинални аргумени се најзначајни и најмногу придонеле за Домот да ја поддржи тезата. Секако, во крајна линија, двете влади ја поддржуваат истата страна на тезата и нивните позиции мора да бидат усогласени. Во спротивно се смета дека Втората влада ја потценува Првата влада, односно £ „забива нож во грбот“. За ваквата постапка Втората влада, несомнено, ќе биде казнета од страна на судиите.

Приближно истата улога ја има и Втората опозиција. Имено, и лидерот на Втората опозиција треба да понуди нови аргументи кои ја оспоруваат тезата на која се дебатира во Домот. Се разбира, за ова важат истите правила кои важат и за Втората влада, со тоа што сега Втората опозиција треба да ја има предвид и веќе понудената екстензија од страна на лидерот на Втората влада.

## Пример 2

**Теза: „Овој дом не би преговарал со властите во Иран“**

Првата влада се фокусира на моменталната ситуација во Иран. Првата влада аргументира дека преговорите не се возможни поради практични проблеми со распредалбата на моќ меѓу водачите на Иран. Понатаму тврди дека дури и доколку е возможно да се одржат преговорите, Иран, сепак, ќе претставува опасност за регионот и ги наведува ненадминиливите разлики во ставовите кои се причина поради која преговорите би биле осудени на пропаст. На крајот Првата влада ги наведува можните последици кои би настанале од неуспешноста на ваквите преговори.
Втората влада, пак, решава дебатата да ја префрли од конкретните постоечки услови во и околу Иран на принципиелно ниво. Односно, Втората влада тврди дека властите од Иран поддржуваат терористички групи и преговарањето со лидерите на Иран го поистоветува со преговарање со терористи. Втората влада смета дека ваквите преговори во суштина се лоши и дека испраќаат погрешна порака кон светот. Токму тоа е основната причина зошто треба да го отфлиме предлогот. Понатаму образложува зошто, всушност, со преговарање со овие власти ние им даваме легитимеитет на делата кои ги прават и оттука оправдуваме понатамошно практицирање на тероризам за постигање одередени цели.

# 3. АРГУМЕНТАЦИЈА

Аргументацијата е суштината на самата дебата. Без аргументи дебатата би се свела на празно говорење или, пак, на расправија. Аргументите никако не можеме да ги поистоветиме со личните перцепции, верувања и ставови. Аргументите се основани причини преку кои ние се обидуваме да добиеме поддршка во Домот при застапувањето или негирањето на определена теза. Овие причини се формулираат во тврдење. За да го докажеме тврдењето, односно за да ја образложиме причината поради која сметаме дека нашиот став е оправдан, ние се служиме со други изјави, т.н. претпоставки. Аргументите претставуваат логички заклучоци кои произлегуваат од факти кои се докажани како објективна вистина, односно од веќе докажани тврдења кои ги земаме како претпоставки.

**Пример 1.**




## 3.1 Градење аргумент

Без разлика на самото значење и на сложеноста, секој аргумент мора да задоволува одредени критериуми во поглед на самата содржина која ја опфаќа, како и начинот на кој е структуирана.

### 3.1.1 Структура на аргумент

Секој аргумент во дебатата треба да биде изграден од четири основни елементи: тврдење, објаснување, докажување и поврзување. Овие четири елементи одделно се презентираат во четири последователни чекори за на крајот да добиеме заокружена слика за вистинитоста и за издржаноста на самиот аргумент.

### Тврдење
Тврдењето е самиот наслов на аргументот. Истото треба да биде формулирано како потврдна реченица, која содржи глагол. Реченицата треба да биде јасна и концизна, односно не е потребно да содржи никакви објаснувања за потребата од конкретното тврдење.

### Објаснување
Тврдењето само по себе не значи ништо. Служејќи се со теоретски претпоставки, дебатерот мора да ја докаже вистинитоста на тврдењето што го формулирал со цел тоа да биде земено како релевантно при донесувањето на одлуката за прифаќање или отфрлање на тезата.

### Докажување
Зацврстувањето на тврдењето преку логиката на објаснувањето с¢ уште не е доволно за тоа да биде земено како вистинито. Дополнително на објаснувањето, дебатерите треба да се потрудат одблиску да го прикажат, т.е. да го илустрираат тоа што го тврдат. За таа цел при аргументацијата се користат факти, примери, податоци итн. преку кои се потврдува севкупната вистинитост на аргументот.

### Поврзување
Аргументите во дебатата се во функција на поддршка или напаѓање на одредена теза. Оттука аргументот во дебатата нема да ја исполни својата улога с¢ додека не биде вграден во целосниот случај кој го предлага тимот. На тој начин, аргументот е дел од генералното стојалиште на тимот во дебатата и се поврзува со самата теза. Поврзувањето, всушност, е објаснување како самиот аргумент ја зацврстува позицијата на тимот во однос на тезата која е предмет на дебата.

## 3.2 Видови аргументи

### 3.2.1 Дедукција

Дедукција е начин на размислување при кој заклучокот се донесува од генерални докажани претпоставки. Дедукцијата е еден од најприфатливите начини на аргументирање бидејќи се смета дека поаѓа од веќе докажани општи правила или појави, односно поаѓаме од генерална вистина за да дојдеме до издвоен пример. Сепак, ова не значи дека дедукцијата секогаш мора да биде вистинита. Постојат повеќе видови дедукција: силогизми, категорична дедукција, дисјунктивна дедукција, хипотетичка дедукција, последователна дедукција итн.

**Пример 1.**

Сите луѓе се смртни. → Сократ е човек. → Сократ е смртен.

### 3.2.2 Индукција

Индуктивна аргументација е процес на испитување доволен број на слични фактички примери кај кои пронаоѓаме заеднички карактеристики врз основа на кои донесуваме генерални заклучоци или вистини за целата група. Со индукцијата се воопштува, односно од еден пример, се гради општо правило за сите сродни појави. Бидејќи генерализацијата не е секогаш точна, индукцијата

треба внимателно да се употребува, односно да се посвети внимание на тоа колку во конкретниот пример се работи за правило или за исклучок. Постојат одредени правила кои треба да се следат при конструирање индуктивен аргумент за тој да биде прифатлив, на пример, појдовните тврдења мора да бидат докажани факти, примерите кои ги разгледуваме мора да бидат слични, т.е. да припаѓаат на иста група, да постојат доволен број примери итн.

**Пример 1.**

**Земјата, Марс и Јупитер се тркалезни** → **Земјата, Марс и Јупитер се планети** → **Сите пленети се тркалезни**

## 3.2.3 Аналогија

Аргументацијата преку аналогија е таков начин на размислување преку кој ја докажуваме сличноста меѓу два предмета, појави и ситуации и оттука претпоставуваме дека тоа што е вистинито за едните ќе важи и за другите предмети, појава или ситуација.

Насилството во видеоигрите треба да биде забрането бидејќи ги повредува општествените вредности за кои се залагаме. Доколку како општество се залагаме за искоренување на насилството, тоа не треба да биде дел од игрите на нашите деца.

↓

Децата се натпреваруваат и да освојуваат поени во зависност од силината на ударот кој му го нанале на противникот. ⟷ Дали би дозволиле децата да играат игра во која ќе освојат поени за побрзо вшприцување хероин во нивните вени ?

## 3.2.4 Причинско-последични врски

Аргументите на причинско-последични врски се резултат на размислување, според кое, еден настан или појава има средства, моќ, услови или желба да предизвика друг настан или појава. Сепак, и кај овие аргументи мора да се внимава бидејќи ретко кога можеме да бидеме сигурни дека единствено причината која ја наведуваме ја предизвикува последицата која ја наведуваме. Значи, секогаш мора да испитуваме дали причинителот е доволено моќен да ја предизвика последицата, дали постојат и други фактори кои би можеле да ја предизвикаат итн.

**Марко има рак на белите дробови . Марко е пушач.** → **Пушењето предизвикува рак на белите дробови** → **Пушњето ја предизвикало болеста на Марко.**

## 3.3 Побивање и одбивање

Дебатата има за цел да овозможи спротивставување на различни идеи, мислења и ставови во организирана и аргументирана дискусија. Доколку единственото што се случува во дебатата е презентирањето на ваквите разидувачки ставови по однос на одредено прашање, дебатата воопшто нема да се разликува од убедувачкото говорење. Во овој случај нема да можеме компаративно да оцениме која идеја е позначајна и поиздржана, ниту, пак, ќе ги доразвиеме почетните идеи. Затоа примарна цел во дебата е да се предизвика директен судир меѓу двата тима во дебата. Ваквиот судир, се разбира, е конструктивен и е поддржан со логични објаснувања на причините поради кои не се согласуваме со тимот наспроти нас.

### 3.3.1 Побивање

Покрај аргументите кои се користат за поддршка на нашата страна, т.н. конструктивни аргументи, во дебата треба да градиме и контрааргументи со кои ги напаѓаме аргументите на спротивниот тим. Ваквите контрааргументи се нарекуваат *побивање*. Побивање е напаѓање на аргументот на спротивната страна во дебатата, односно објаснување зошто не се согласуваме со понудените аргументи и не ги прифаќаме. Побивањето никако не може да го поистоветиме со негирање, тоа не значи дека слепо ќе им се спротивставуваме на тврдењата на противниците и ќе ги оспоруваме по секоја цена. Наспроти ова, побивањето значи темелна и длабока анализа на спротивставените аргументи и пронаоѓање недостатоци, недоследности и грешки во нивната поставеност, како и во поврзаноста на случајот во целост. Аргументот може да се побие на голем број начини: отфрлање, минимизирање, девалвирање, да се нападнат врските меѓу елементите на самиот аргумент, да се нападнат поврзаноста и конзистентноста со останатиот дел од случајот или, пак, тезата итн.

Секое побивање оди по следниот редослед;

1. **Посочување: *тие рекоа, нивниот прв аргумент гласеше итн*.** Посочувањето е особено значајно за дебатерите, но и за судиите да можат да го следат развојот на секој аргумент поедичечно, така и воопшто на целата дебата.
2. **Напад: *но ние мислиме дека..., наспроти тоа..., сосема спротивно..., да, но сепак..., да, но за жал... итн.*** Потребно е да се даде генералната слика, односно идеја за тоа во која насока се развива нападот.
3. **Објаснување: затоа што..., поради следниве причини... итн.** Тврдењето само по себе не е доволно за аргументот да биде урнат. Напротив, истото треба да се развие во контрааргумент со темелно и логично објаснување зошто аргументот не треба да биде прифатен.
4. **Врска: оттука... како последица на... ова ќе предизвика, од ова произлегува итн**. Аргументите во дебатата не постојат сами за себе. Тие се дел од целината која се нарекува случај. Преку оваа целина тие се поврзуваат со тезата и ја потврдуваат или ја негираат. Оттука мора да покажеме какво влијание ќе има отфрлањето на овој аргумент и зошто тој е причина за да ја отфрлиме или во целост да ја поддржиме тезата.

Постојат повеќе причини зошто би нападнале еден аргумент и на кои начини би можеле да го нападнеме. Често можноста за нападот на аргументите лежи во нивната структура, т.е. честопати за докажување на тврдењето се користат невистинити претпоставки, се пронаоѓаат грешки во размислувањето итн. Во продолжение разгледуваме неколку примери за идентификување слабости во аргументацијата и побивање на аргументите.

### Грешка во логиката на аргументи кои се базираат на дедукција

За дедуктивните аргументи се претпоставува дека се порелевантни од индуктивните бидејќи поаѓаат од генерално прифатена вистина, па се претпоставува дека се повистинити. Во секој случај, многу ретко можеме апсолутно да ги генералнизираме нештата.

Дрвото е добар материјал за градба → Чкорчињата се од дрво → Чкорчињата се добри за да изградиме куќа

**Побивање:** Иако двете претпоставки дадени во дедукцијата се точни, заклучокот до кој доаѓаме не е точен. Погрешно е како мерило да го земеме само матријалот од кој се направени чкорчињата за да донесеме одлука. Мора да ги разгледаме можностите нештата кои се групираат во иста категорија да имаат различни карактеристики и не може секогаш да ги поистоветиме или да ги изедначиме.

### Грешка во логиката кај аргументи кои се базираат на индукција

Аргументите кои се базираат на индукција, односно поаѓаат од еден пример за да воопштат правило, најчесто се многу лесно се побиваат. При индуктивното резонирање секогаш се соочуваме со проблемот дали постојат примери кои го докажуваат спротивното.

Владо е хомосексуалец. → Владо е ментално растроена личност. → Сите хомосексуалци се ментално растроени личности.

**Побивање:** Владо воопшто не е репрезентативен примерок за сите хомосексуалци. Доколку кај горенаведениот пример пронајдеме само еден контрапример за хомосекцуалец кој не е ментално растроена личност, можеме да докажеме дека ова тврдење не е точно.

### Барање грешки во аргументите на аналогија

Исклучително е тешко да се направи добар аргумент кој се заснова на аналогија бидеќи дури и да докажеме дека постои сличност меѓу две нешта или појави, многу е тешко да ги поистоветиме во конкретни ситуации. Затоа, доколку се обидуваме да направиме аналогија, мора да внимаваме аналогните ситуации да бидат доволно блиски една на друга.

Државата е како брод, а премиерот како капетан на бродот. → Капетанот на бродот треба да се слуша без прашања или противење. → На премиерот треба да му се покаже лојалност и да биде безрезервно почитуван од министрите од неговиот кабинет

**Побивање:** Дали е државата навистина како брод? Дали премиерот може да го поистоветиме со капетан? Дали капетанот навистина се слуша во секоја можна ситуација?

**Барање грешки во причинско-последичните врски на кои се засноваат аргументите.**
Многу често аргументите се базираат на причинско-последични врски, односно се тврди дека едно нешто се јавува како последица на друго. Во ваквите случаи секогаш треба да се потпираме на неколку прашања: дали причината која ја наведуваме е навистина доволно силна за да го предизвика ефектот, дали е единствената причина, дали е основната причина или, пак, споредна причина итн.

**Секогаш кога врне надвор е водено** → **Сега тревникот е воден** → **Мора да вренело**

**Побивање:** Или, пак, можеби соседот ја вклучил прскалката за да ја наводени тревата????

**Грешка во размислувањето**
Многу често во дебата се случува едни нешта да се поистоветуваат со други, единката да се поистоветува со групата и обратно, па оттука да им се препишуваат карактеристики кои не се вистинити. Понатаму, да се игнорираат и да не се рагледуваат факти, а наспроти тоа да повикуваме на авторитети, традиција, емоција итн. Вакви грешки во размислувањето може да се најдат кај сите видови на аргументи и постојат многу типови. Во продолежение наведуваме неколку примери.

**Пример 1.**
Повикување на мнозинството

**Мнозинството од луѓето пуши** → **Затоа не треба да го забраниме пушењето**

**Побивање:** Доколку е нешто прифатено во општеството, тоа воопшто не значи дека истото не е штетно. Доколку покажеме дека предизвикува значителна штета, во тој случај би можеле да ја оправдаме неговата забрана.

**Пример бр. 2**
Повикување на стереотипи и на предрасуди

**Грција не го прифаќа уставното име на РМ** → **Сите Грци имаат негативни чувства кон Македонија** → **Манолис е Грк, Манолис има негативни чувства кон Македонија**

**Побивање:** Политиката на грчката Влада не го одразува ставот на сите граѓани. Дури и доколку мнозинството од граѓаните имаат негативни чувства кон Македонија, тоа, секако, не го одразува мислењето на секој поединечен граѓанин.

**Пример бр. 3**

Грешка во размислувањето при дисјунктивна дедукција

**За да имаш добра оценка, треба да учиш повеќе**

**За да имаш добра оценка, професорот треба да е попустлив**

→ **За да имаш добри оценки треба или да учиш повеќе или професорот да стане попустлив . Професорот нема да стане попустлив, затоа мора да учиш повеќе.**

**Побивање:** Дали има и трета опција, односно некој друг начин на кој би добил подобри оценки, на пр., препишување? Дали навистина можеш да добиеш подобра оценка доколку професорот е премногу строг? Дали двете работи се взаемно исклучиви, т.е. зошто не би можеле да се случат и двете?

## 3.3.2 Одбивање

Одбивање, всушност, е одговор на нападите на нашите аргументи кои ги направил противничкиот тим. Исто така, го нарекуваат и „побивање на побивањето". Доколку сакаме нашите аргументи да останат релевантни во дебата, секако, ќе мора да се потрудиме да останат целосни и да не бидат урнати во текот на противничките говори.

Веќе увидовме дека имаме проблеми при основната аргументција и затоа таа е подложна на побивање. Побивањето е подеднакво несовршено и има сопствени недостацоци. Затоа нападот на еден аргумент не значи дека тој е изгубен во дебатата. На крајот дебата се сведува на тоа дека треба да измериме која страна преовладува во дебатата, односно која страна ќе успее подобро да ги убеди судиите дека нивното размислување во врска со аргументот е подобро и поиздржано.

Начинот на кој се брани аргументот во основа е сличен со побивањето. Тоа што е предност е што се работи за аргумети кои однапред ни се познати, па оттука можеме помалку или повеќе да ги предвидиме можните начини на кои противничкиот тим би го нападнал нашиот аргумент. Затоа секогаш е добра стратегија пред самата дебата да размислиме на кои начини би можеле да го одбраниме и да го засилиме нашето тврдење. Конечно, мора да имаме на ум дека одбивањето не е повторување на првичниот аргумент, тоа е директен одговор на побивањето и дополнително развивање на самиот аргумент.

# 4. ГРАДЕЊЕ АФИРМАТИВЕН СЛУЧАЈ

## 4.1 Вовед во градење случај

За Владата успешно да потврди една теза како вистинита, мора да креира специфичен случај кој го докажува тврдењето кое самата таа го предлага како резултат на интерпретацијата на тезата.
Самата поставеност на тезата од страна на Домот, како и интерпретацијата која ја понудува Владата значително влијаат не само на суштинските прашања во дебата туку и на самиот случај кој го предлага. Случајот значително би се разликувал во зависност од тоа дали е предложена дебата на факти и вредности или дебата на политики. Дебата на факти ќе налага да се конструираат специфични аргументи, докази и примери кои ќе ја докажат вистинитоста. Дебатата на вредности, исто така, ќе се развие преку специфични аргументи и одреден критериум според кој ја потврдуваат оправданоста на тезата. За разлика од нив, дебатата на политики ќе бара развивање план кој нуди придобивки во однос на моментната состојба, т.е. кој би решил одредени постоечки недостатоци и проблеми.

**Примери:**
Теза: „Овој дом треба да донесе нова политика за соочување со проблемот на злоупотреба на дрога". За оваа теза е очигледно дека не би можело да се заземе став „за" или „против" бидејќи не знаеме за каква политика станува збор и дали би била подобра или полоша од постоечката. Како последица на ова незнаење ниту можеме да ја поддржиме, ниту да ја негираме. Ова е очигледна теза на политики која од Владата бара да понуди конкретен предлог, решение, т.е. план за решавање на проблемот со дрога, кој би донел позитивни промени во однос на сегашната состојба.
Постојат и тези кои бараат донесување политики без тоа да биде директно имплицирано во самата формулација. Тезата: „Овој дом верува во почитување на правата на децата" не бара експлицитно предлагање политика, но малку е веројатно дека може да се фокусира на тоа дали е добро да се почитуваат правата на децата. Ова значи дека афирмативниот тим не може едноставно да тврди дека е добро да се почитуваат правата на децата и да понуди причини зошто е тоа така. Многу е јасно дека се очекува предлагање конкретна политика, т.е. план кој би ја поддржил, т.е. засилил заштитата на овие права.

Доколку како пример ја земеме тезата: „Овој дом ги поддржува хомосексуалните бракови", може да забележиме дека во оваа дебата главно прашање ќе биде вредносниот суд дали е добро хомосексуалните бракови да бидат дозвоелни или, пак, тоа ќе влијае негативно. Предлогот на Владата, секако, би бил да се легализираат браковите меѓу лица од исти пол, на ваквата одлука најчесто не би барала детаљно уредување. Дебата тука би се свела на судир меѓу вредности од типот на индивидуалната слобода и правото на избор на индивидуата наспроти некои традиционално вкоренети општествени вредности. Во дебата Владата, всушност, има товар да ја докаже оправданоста на поддршката која им ја нуди на хомосексуалните бракови. За да го докаже ова, Владата треба да понуди издржани аргументи.

Во парламентарната дебата најчесто ќе се дебатира на тези на политики. Но, сепак, не може да се направи строга граница меѓу различните видови на тези. На пример, имплементацијата на одредени политики, секако, ќе се брани со аргумент дека поддржува или достигнува одредени позитивни вредности, а веројатноста предлог-плановите да доведат до конкретни придобивки ќе се докажува со аргументи. Претежно во една теза се вклопени практични елементи и елементи на вредности и случајот е комбинација од практични и вредносни придобивки. На пример, дебата *„Овој дом би ја легализирал проституцијата"* може да се фокусира на правото на индивидуален избор да

одлучуваме што да правиме со своето тело или, пак, на практичните придобивки како намалување на сексуално преносливи болести, сексуален криминал, економски придобивки од легализацијата и сл. Секако, случајот може да биде и комбинација од двата типа на аргументи. Тоа што е значајно е дебатерите да разберат што е нивниот товар на докажување и каков случај треба да изградат за најдобро да ја постигнат својата цел.

## 4.2 Афирмативни стратегии

### 4.2.1 Елементи на случај на Владата

Постои генерална рамка како би требало да биде изграден афирмативниот случај во согласност со тезата. Подолу е дадена генерална насока која би требало да ја следи премиерот за презентација на случајот при излагањето. Оваа насока, секако, не е е строго утврдено правило и зависи од стилот на самиот презентер, но дава приказ на генералните чекори при поставување на случајот.

1. **Вовед**
   - Ја предлага тезата;
   - го претставува начинот на кој Владата ја интерпретира тезата;
   - го поставува централното тврдење за дебата и ја претставува позицијата која Владата ја зазема во однос на истото;
   - ги поставува рамките во кои треба да се одвива дебатата, т.е. поставува одредени ограничувања на можните насоки во кои таа треба да се развива.

2. **Критериум**
   - По воведното излагање, премиерот поставува стандард според кој дебатата треба да биде пресудена и на овој начин наметнува одреден товар на докажување како за себе така и за Опозицијата (каков критериум може да предложи Владата ќе зависи од видот на тезата и од начинот на кој е интерпретирана).

3. **Случај**
   - Откога ги дефинира сите прашања кои се важни за дебатата, премиерот презентира специфичен случај. Случајот е суштински дел на дебата преку кој Владата ќе ја поддржи тезата постигнувајќи го поставениот стандард (содржината ќе зависи од видот на тезата, начинот на кој е интерпретирана и од поставениот критериум).

4. **Заклучок**
   - На самиот крај премиерот го сумира говорот потенцирајќи ги врските меѓу елементите на случајот и начинот на кој тие ја поддржуваат тезата.

### 4.2.2 Афирмативна стратегија за поддршка на дебата на вредости

Тезите на вредности не исклучуваат секаква политика. Дури и кога тезата бара одредено уредување, може да ја оцениме како теза на вредности доколку централното прашање се фокусира на вредносен суд. Најчесто случајот за поддршка на дебата на вредности се состои од 2 до 3 аргументи кои директно ја поддржуваат позицијата на Владата, а, притоа, се меѓусебно поврзани. Тоа значи дека

аргументите не смее да си противречат едни на други. Напротив треба да се надополнуваат, односно да претставуваат заокружена целина за страната која ја поддржуваат. Бројката од 2 или 3 аргументи е најпосакувана од едноставна причина Владата да има доволно време да ги презентира сите аргументи со должно внимание, понудувајќи соодветно објаснување и поткрепа за секој од нив.

**Критериум во дебата на ведности**

За да биде затворен целиот овој систем, недостасува уште еден елемент во креирањето на стратегијата на Владата, а тоа е критериумот, односно генералната цел на оваа стратегија. Критериумот во една дебата се употребува за дебатата да не прејде во дискусија која нема никаква рамка, односно не е фокусирана на конкретна тема. Тој претставува цел на дебатата која секој од тимовите треба да ја соопшти на почетокот на изложувањето на сопствениот случај. Секој од тимовите се стреми да ја достигне целта која самиот си ја поставил, односно да го постигне критериумот. Од Владата се очекува да предложи критериум.

Во дебатите на вредности најчесто владите предлагаат одредена вредност која произлегува од самата теза, а е во тесна врска со аргументите кои ги предлага Владата. Критериум за победа во дебата, кој притоа го наметнуваат, е да се поддржи наведената вредност, односно Владата наложува дека во дебатата треба да победи оној кој најдобро ја достигнува предложената вредност. Најчесто во дебатите на вредности ќе сретнеме критериуми поврзани со некој вид на: слобода, безбедност, еднаквост, правичност итн. Честопати во ваквите дебати имаме компаративно вреднување на две вредности, на пр., слободата наспроти безбедноста, индивидуални наспроти колективни права итн.

Одбирањето на стратегијата на креирање аргументи, објаснувањето на истите, поткрепувањето со соодветни докази, не би биле целосни доколку целата стратегија не би формирала една целина, односно доколку објаснувањата на аргументите и доказите не се поврзани со аргументот на кој му припаѓаат или, пак, аргументите не се поврзани меѓу себе.

**Пример:**

**Теза: „Овој дом би го забранил говорот на омраза во универзитетите“.**

**Критериум:**
**Заштита на образовната мисија на универзитетите**

Владата смета дека слободата на говор има висока вредност. Сепак, индивидуалната слобода на еден човек завршува онаму каде што почнува слободата на другиот, а говорот на омраза ја загрозува слободата на оние на кои е наменет. Ова особено треба да се почитува во универзитетската средина каде луѓето се собираат за постигнување одредена цел. Едукативната мисија на универзитетот треба да биде највисока цел и нејзиното остварување треба да биде мерило за одлуката во дебатата.

**А1 Забранувањето на говорот на омраза ќе ги заштити студентите од вербална злоупотреба и од страв**

Говорот на омраза дејствува заканувачки на индивидуата. Тој, пред сè, може да им наштети на припадниците на расните, етничките, националните и на религиозните малцинства, понатаму на хомосекслуалците, на студентите со хендикеп итн., односно да предизвика тие да се чувствуваат загрозени од мнозинската група и кај нив да се јави чувство на одвоеност и на несигурност.
Ваквото однесување може да поттикне омраза, стереотипи и насилство кај студентите, за што како пример може да ги земеме насилставата во осумдесеттите години, во САД, кои беа предизвикани токму од говор на омраза во универзитетските кампуси.
Доколку студентите се чувствуваат загрозени, тие нема да можат успешно да ја остваруваат целта за која се дел од универзитетот ниту, пак, активно да се вклучат и да придонесат за образовниот процес.

**А2 Говорот на омраза ги крши вредностите и ја нарушува репутацијата на институцијата**
Образовните институции мора да се придржуваат до начелата на еднаквост и правичност и сите студенти треба да се чувствуваат пријатно и безбедно во образовната средина. Омразата на говор ќе ја гледаме на универзитетската телевизија, слушаме на универзитетското радио, читаме на универзитетските весници и е-форуми или ќе ја слушаме во текот на дискусиите за време на предавањата.
Секој говор на омраза кој нема да биде забранет се смета за премолчено одобрен од страна на самиот универзитет, па дури и став на самиот универзитет.
Доколку имаме нарушена слика за универзитетот, како институција тоа ќе се одрази негативно на вредностите кои истиот треба да ги промовира и тој нема да може да биде успешен во остварувањето на својата мисија.

### 4.2.3 Афирмативна стратегија за поддршка на дебата на факти

Погоре се зборува за дебата на вредности и се објаснува на кој начин Владата поддржува тези на вредности. Случајот за теза на факти, според својата конструкција, е многу сличен со случајот за тезата на вредности. Единствената разлика е во самата содржина на аргументите кои ќе бидат дел од случајот. Кога градиме случај на теза на факти, аргументите најчесто се конструирани како тврдења изградени врз основа на причинско-последична врска.

**Критериумот во дебата на факти**
Во дебата на факти најчесто основен критерим е вистинитоста. Во случајов критериум ќе биде дали Владата ќе успее да покаже дека невлегувањето во НАТО и во ЕУ, како и неповолната економска состојба навистина се директна последица на лошата меѓународна политика на Владата.

**Пример:**

**Теза: „Овој дом верува дека моменталната меѓународна политика на Владата на РМ дава негативни разултати“**

**Арг.1. Надворешната политика на Владата на РМ ги забавува евроатлантските интеграции на земјата**
Надворешната политика на РМ доведува до влошување на односите со Грција. Одложувањето на решавање на спорот со Грција околу името ги одложува евроатланстките интеграции на РМ. Република Грција, како членка на НАТО и на ЕУ, ќе го искористува правото на вето во рамки на институциите и ќе го спречи зачленувањето на РМ во истите.
**Арг.2. Доколку Македонија подолго време чека за влез во НАТО и во ЕУ, ќе се намалува стандардот на живеење на граѓаните**
Без придобивките од зачленувањето во НАТО во смисла на стабилноста и безбедноста која ја гарантира оваа организација нема да има странски инвестиции во РМ. Без зачленувањето во ЕУ Македонија нема да има можност да ги користи придобовките на економски план од отворање на пазарот на развиените земји. Земајќи ја предвид моменталната состојба, без овие услови ќе го одржиме трендот на опаѓање на влошување на економијата и нема да може да постигнаме економска стабилност, а уште помалку еконоски раст и развој.

## 4.2.4 Градење случај за поддршка на дебата на политики

Во Британската парламентарна дебата најголем дел од случаите на кои се дебатира се дебати на политики. Тоа значи дека случаите кои ги предлага Владата се такви случаи кои поддржувааат одредена реформа во јавната политика во насока на решавање одреден постоечки економски, социјален или политички проблем.

### Поставување критериум за дебата на политика

Поаѓајќи од тоа дека дебатата на политика поаѓа од претпоставката дека постои одреден проблем за чие решавање треба да се преземе определена акција, можеме да го утврдиме и типот на критериум кој се поставува во ваквите дебати. Имено, доколку Владата предлага определена акција, за истата да биде прифатена, логично е да нуди определени придобивки во однос на сегашната состојба. За придобивките да бидат доволна причина судијата да го прифати предлог-решението на Владата, тие мора да бидат доволно големи и помали во споредба со потенцијалните негативни последици кои би произлегле како последица на политиката и, се разбира, да ги оправдуваат трошоците за нивното создавање. Оттука, тоа се и најчестите критериуми кои се поставуваат во дебатата на политика:
А) ***нето-придобивки*** – критериум кој бара да се измерат придобивките со потенцијалните негативни последици кои би настанале. Доколку преовладуваат придобивките, судијата треба да ја поддржи Владата.
Б) ***анализа на загуби и придобивки*** – критериум според кој се прави пресметка дали придобивките кои планот ги донесува во однос на сегашниот систем се доволно големи за да ги оправдаат сите загуби и трошоци кои се поврзани со неговата имплементација. Доколку придобивките ги оправдуваат трошоците, судијата гласа за Владата.

По утврдувањето на критериумот, Владата го предлага својот случај. Постојат три основни чекори за предлагање случај на политики:

### 1) Идентификување проблем

За во една дебата Владата да предложи донесување нова или промени во одредена постоечка политика, таа мора да идентификува одреден проблем во постоечкото уредување т.н. статус кво, односно треба да покаже дека во актуелната политика постојат одредени недостатоци или, пак, мани. Само на овој начин Владата може да го оправда барањето на промени и усвојувањето нови политики. За еден проблем да биде предмет на дебата, мора да се докаже дека:
а) **Истиот е присутен како резултат на актуелната политика или, пак, постоечката политика не е во состојба да го реши**.
Притоа, Владата мора јасно да ја покаже поврзаноста на проблемот со самата политика, односно да ја покаже вредноста на проблемот во постоечкиот систем. Општо е познато дека еден проблем може да го предизвикаат повеќе различни фактори. Оттука, за истиот да биде прецизно идентификуван, треба да се одреди и причината за неговото постоење, односно одреден недостаток/мана во постоечката политика која директно ги предизвикува негативните последици т.н. *вина*. Вината е конкретниот причинител на определено зло, кој треба се поправи или да се отстрани за проблемот да биде решен.
б) **Истиот предизвукува сериозни негативни последици**
Сериозноста се прикажува со квалитативни и со квантитативни димензии на последиците кои ги предизвикува проблемот, т.е. Владата треба да објасни до кој степен влијае проблемот и кој размер го зафаќа. На пример, проблемот може да предизвикува огромна штета за мал број на луѓе или, пак, мала штета за голем број на луѓе или голема штета за голем број на луѓе. За оваа цел пожелно би било да се искористат одредени примери или, пак, статистички податоци кои го потврдуваат постоењето на проблемот.

**Пример:**

**Теза: „Овој дом треба да биде поригорозен во борбата против пушењето во Република Македонија“**

**Проблем**: Анализите на Светската здравствана организација покажуваат дека македонските граѓани се меѓу најстрасните пушачи во светот. Половина од лицата постари од 16 години се пушачи, а пушењето е причина за секоја 10-та смрт во земјата. 57% од населението умира од болести на срцето и крвни садови, а 17% од малигни неоплазми. Водечки фактор на ризик за појава на овие болести е токму пушењето. Малолетниците консумираат цигари во голема мера, а забраната за непродавање цигари на лица под 18 години не се почитува. Не само што е голем бројот на пушачите, туку и непушачите се во голема мера изложени на чадот од цигари, поради нецелосните забрани за пушење на јавни места. Оттука и тие се соочуваат со опасностите кои ги носи пушењето. Пушењето предизивикува огромно зло и оттука Домот треба да донесе политика која ќе го намали тоа зло.

**Вина**: Главната причина за овој проблем е непостоењето соодветна законска регулатива, која би ја ограничила продажбата на цигари и целосно би го забранила пушењето во јавните објекти.

## 2) Предложување решение

Откога е идентификувано посотењето на одреден проблем во системот и причините за истиот и откога е докажано дека проблемот предизвикува сериозни последици, Владата треба да предложи решение, односно конкретен план за надминување на проблемот. Владата треба да покаже дека планот кој го предлага е соодветен за да ги поправи недостатоците/маните на постоечкото уредување и дотолку повеќе да покаже дека постојат реални можности за планот да се изведе. Планот треба да одговори на следниве прашања:

**А) Кој треба да дејствува?**
Дали агентот е во можност да обезбеди извршување на планот? Дали има доволно моќ за донесување и спороведување одлуки? Дали располага со средствата кои се потребни за имплементација на планот?

**Б) Што треба да се направи**?
Која е конкретната промена која треба да се постигне?

**В) На кој начин ќе се постигне промената?**
Кои конкретни чекори треба да се преземат за да се реши проблемот?

**Пример:**

**Владата предлага заострување на регулативите и на мерките за нивно почитување**

**План:**

А) актер: промената ја предлага Владата на РМ, ресорните министерства ќе се грижат за нејзината имплементација и обезбедува нејзино почитување;

Б) акција: промени во регулативата, т.е. на Законот за заштита од пушење и засилена контрола;

В) конкретни чекори: целосна забрана за пушење во јавни објекти, ограничување на типот на објекти и условите во кои може да се продаваат цигари, зголемени казни и засилена контрола за почитување на законите.

### 3) Претставување на придобивките

Предлагањето одредена промена би било бесмислено доколку не успееме да покажеме дека таа промена решава постоечки проблеми и нуди придобивки во однос на постоечкото статус кво. Придобивките, всушност,  се аргументи со кои се оправдува планот и се бара негово усвојување. Придобивките мора да бидат:

а) **значајни** – т.е. да покажат дека промената која ја донесува планот, претставува значително подобрување;
б) **специфични** – т.е. да бидат остварливи единствено преку планот кој го предлага Владата;
в) **исплатливи** – т.е. поголеми од тоа што е изгубено или вложено за да бидат постигнати;
г) **доминантни** – да преовладуваат во однос на потенцијални негативни последици кои би ги предизвикал планот.

## Пример:

**Придобивка бр.1**
Заштита на непушачите од негативните последици на пушењето
Со целосна забрана за пушење во јавните објекти, тие што дотогаш против своја волја биле изложени на чадот од цигарите, ќе бидат заштитени. Моменталната регулатива, која во рамки на иста просторија дозволува да се означи пушачка зона и зона за непушачи, не е соодветна. Прво затоа што таквата поставеност создава потешкотии во почитувањето на поделбата да се контролира. Понатаму, од причина што дури и со почитувањето, чадот, сепак, беше присутен во просторијата. Единствено преку целосна забрана, каква што предлага планот, може да се намали проблемот на пасивно пушење.

**Придобивка бр. 2**
Намалување на степенот на пушење кај пушачите
Со тоа што цигарите ќе станат потешко достапни, т.е. ќе може да се купат на помалку места и просторот каде може да се пуши ќе биде ограничен на домот и на отворени простории, значително ќе се намали бројот на цигарите кои една личност ги пуши во текот на денот. Тоа произлегува од фактот дека во голем број ситуации во текот на денот ќе биде спречена да пуши (на работа, во ресторан, во дискотека итн.).

**Придобивка бр. 3**
Намалување на бројот на пушачите
Статистиките во земјите на ЕУ каде е воведена целосна забрана за пушење во јавни објекти покажуваат дека бројот на пушачи значително се намалил. Според Светската здравствена организација, по донесувањето на целосна забрана за пушење на јавни места, бројот на пушачи во земјите во кои истата била воведена се намалил за 70 %. Ова покажува дека ригорозните законски мерки, какви што предлага Владата, постепено доведуват до искоренување на оваа појава во светот.

Статистиките во земјите на ЕУ каде е воведена целосна забрана за пушење во јавни објекти покажуваат дека бројот на пушачи значително се намалил. Според Светската здравствена организација, по донесувањето на целосна забрана за пушење на јавни места, бројот на пушачи во земјите во кои истата била воведена се намалил за 70%. Ова покажува дека ригорозните законски мерки, какви што предлага Владата, постепено доведуваат до искоренување на оваа појава во светот.

# 5. ГРАДЕЊЕ НЕГАТИВЕН СЛУЧАЈ

Улогата на Владата во една дебата е да го убеди Домот да ја поддржи понудената теза, која најчесто повикува на некаква промена. На кој начин Владата ќе ја докаже тезата и ќе го убеди Домот да гласа во нејзина корист, зависи од самата теза, но, пред сè, од сфаќањето кое Владата го има за неа. Притоа, таа може да се служи со една од горенаведените афирмативни стратегии. Улогата на Опозицијата, пак, е да ги оспори тврдењата на Владата, односно спротиставувајќи се на случајот кој го предлага Владата, да влијае на Домот за тој да ја отфрли тезата. За да ја оствари оваа задача, секако, и Опозицијата може да се послужи со неколку различни стратегии. Она што е важно, е начинот на напад кој ќе го избере Опозицијата да соодветствува со случајот кој го понудила Владата, односно нападот директно да биде насочен кон истиот за да се развие судир во дебатата.
Негативната стратегија најчесто содржи аргументи кои директно ги напаѓаат аргументите на Владата и такви аргументи кои се развиваат независно од аргументите кои ги предлага Владата, а, сепак, ја негираат предложената теза и поддржуваат нејзино отфрлање.

1. **Вовед**
   - Ја негира тезата;
   - го прифаќа или го оспорува начинот на кој Владата ја интерпретира тезата;
   - одговара на централното тврдење за дебата и ја претставува позицијата која Опозицијата ја зазема во однос на истото.

2. **Критериум**
   - Опозицијата може да одбере да го прифати критериумот кој го поставила Владата и да ја нападне Владата дека не успева да го достигне, па дури и самата опозиција да се обиде да го достигне преку сопствениот случај. Втората можност за Опозицијата е таа да понуди сопствен критериум и да ги спротивстави двата критериума, односно да докаже дека критериумот кој таа го поставува е порелевантен или позначаен во однос на оној од Владата.

3. **Случај**
   А) Презентира конструктивни аргументи со кои ја поддржува сопствената позиција во дебатата, т.е. ја напаѓа тезата.
   Б) Презентира офанзивни аргументи со кои го напаѓа случајот кој веќе бил предложен од Владата. Офанзивните аргументи, т.е. побивањето ќе зависи од случајот кој бил предложен. Постојат повеќе негативни стратегии за напад на позициите на Владата.

4. **Заклучок**
   - На самиот крај лидерот на Опозицијата го сумира говорот потенцирајќи ги клучните аргументи поради кои треба да се отфрли случајот што го понудила Владата.

## 5.1 Негативна стратегија за напад на толкувањето на тезата од страна на Владата (аргумент на одреденост)

Опозицијата нема задача да ја интерпретира тезата. Најчесто, таа го прифаќа толкувањето на тезата понудено од страна на Владата. Опозицијата го напаѓа случајот кој го нуди Владата и се обидува да ја оспори неговата вистинитост. Но во некои случаи, кога Владата, намерно или случајно при толкувањето

на тезата ќе направи сериозен прекршок, Опозицијата има легитимно право да го нападне самото толкување.

Ова, секако, е најнепосакуваното сценарио бидејќи дебатата околу разликите во толкувањето не е суштинска и добра. Секогаш кога има и најмала разумна основа да се спротивставиме на случајот на Владата, истиот треба да го нападнеме. Сепак, ниту една опозиција не смее да дозволи да биде ставена во таква ситуација во која од неа се очекува да напаѓа случај кој, врз основа на толкувањето на тезата, единствено што вели е дека детската порнографија е лоша.

Опозицијата може да одбере да се спротивстави на Владата напаѓајќи го начинот на кој Владата ја толкува тезата. Несогласувањето со толкувањето на тезата, мора да го претстави лидерот на Опозицијата, на самиот почеток на својот говор. Притоа, тој мора темелно и аргументирано да објасни кој е проблемот со толкувањето, понуден од страна на Првата влада.

Ваквото несогласување, иако непожелно, секако е една од можните стратегии за напад која може да ја користи Опозицијата и позната е како *аргумент на одреденост.* Преку оваа негативна стратегија Опозицијата покажува дека Владата не го одредила соодветно предметот на дебатата. Нападот се развива на следниот начин:

1) ***Прекршок*** – Опозицијата дава причини поради кои смета дека Владата не дала соодветно толкување на тезата. Понатаму, објаснува дека како последица на ваквото несоодветно толкување случајот кој го презентирала Владата не ја афирмира тезата.
2) ***Толкување*** - Опозицијата нуди сопствено толкување на тезата. Притоа, е потребно да понуди докази кои го поддржуваат истото (речници, закони, судски одлуки) со цел да покаже зошто е ова толкување вистинито и зошто е истото пожелно.
3) ***Стандарди*** – Опозицијата понудува стандарди според кои ја оценува супериорноста на сопствената дефиниција во однос на онаа која ја понудила Владата, односно зошто ваквато толкување подобро ја афирмира тезатата за која се расправа во Домот.
4) ***Одлучувачко прашање –*** Опозицијата покажува дека ова прашање е значајно во таа мера што треба да биде земено предвид при донесувањето на одлуката во Домот.

## 5.2 Негативна стратегија за напад на случај на вредости и факти

Кога владината стратегија ќе понуди аргументи кои треба да ги убедат судиите дека нивната страна од тезата е навистина подобра, опозициската страна во рака има две опции кои секогаш мора да ги користи и тоа кумулативно. Првата е да ги нападне противничките аргументи и да докаже дека тие не се издржани, а втората е да креира сопствен случај и да го одбрани до крајот на дебатата. Во дебата на факти развојот на негативниот случај е сличен со овој за дебата на вредности, повторно со разлика во содржината на самите аргументи.

Првата работа која Опозицијата може да ја нападне се самите аргументи, т.е. да постави директни контратврдења наспроти дадените од Владата, да ги образложи и да ги поткрепи со сопствени докази. Како пример ќе го разгледаме можното напаѓање на поставениот афирмативен случај кој беше користен при објаснувањето на афирмативни стратегии за дебати на вредности.

### Пример:

**„Овој дом би го забранил говорот на омраза во универзитетите“**
**Критериум:**
**Заштита на образовната мисија на универзитетите**
Опозицијата го прифаќа критериумот понуден од Владата. Но, Опозицијата тврди дека образовната мисија на универзитетите може да се постигнува само преку едукација на граѓаните во духот на општеството во кое живееме и кое се заснова на демократските вредности.

**А1 Забранувањето на говорот на омраза ќе ги заштити студентите од вербална злоупотреба и од страв**
**Побивање:** Забранувањето на говорот на омраза не само што нема да ги заштити ранливите групи, туку и ќе предизивика поголема опасност. Неможоста да се искаже сопственото мислење ќе предизвика револт кај оние индивидуи кои чуствуваат омраза кон одредни групи. Доколку ваквиот револт се наталожува, прикриено ќе добива сѐ поголеми размери и може да ескалира на најнепосакуван начин, т.е. со насилство. Доколку не може отворено да се искажуваат мислењата, воопшто нема да можеме да ги идентификуваме проблемите во заедницата. Едукативниот карактер на универзитетот се состои токму во дискусијата како начин на решавање на проблемите, и тој треба да едуцира и да повикува на толераниција за различноста, а не да ги игнорира постоечките проблеми.

**А2 Говорот на омраза ги крши вредностите и ја нарушува репутацијата на институцијата**
**Побивање:** Незабранувањето на говорот на омраза во никој случај не значи одобрување. Ништо не ги спречува останатите студенти, академскиот кадар или, пак, адинистрацијата на универзитетот јавно да проговорат против и да го осудат ваквиот чин. Единствено нешто што би го урнало угледот на институцијата е прекршувањето на демократските вредности кое го донесува ограничувањето на слободата на говор. Институција која не се заснова на демократија не може да ги оствари своите цели во општеството во кое живееме.

Опозицијата, како што рековме, може и да понуди сопствен случај, со идентични елементи како стратегијата на Владата, но за другата страна на тезата. На тој начин покажува која е идејата која стои зад нејзиното стојалиште, односно негаторскиот став во однос на темата. Понатаму во текот на дебатата, покрај тоа што ќе ги напаѓа противничките аргументи должна е да ги брани и сопствените.

### Пример:

**Теза: „Овој дом НЕ би го забранил говорот на омраза во универзитетските медиуми “**
**Критериум:**
**Заштита на образовната мисија на универзитетите**
**А1: Забраната на говорот на омраза ги прекршува основните вредности на кои се заснова демократијата**
Забрана на говорот на омраза е ограничување на правото на слободен говор. Слободата на говор е основна вредност на секоја демократија. Образовните институции треба да ги едуцираат луѓето за принципите на демократијата бидејќи покрај подготовката за професионалниот живот, образовните институции треба да се грижат и за подготовката за општествениот живот воопшто. Доколку не се воспостави демократска средина во универзитетот, не може да зборуваме за едукација. Дури и говорот на омраза може да се победи само на еден начин, а тоа е да зборуваме против него.
За да го разбереме заемното влијание на образовните институции со политичкиот систем, за споредба може да ги земеме образовните институции во комунизмот и како во нив образованието се користело како алатка за поддршка на системот.

Разбирајќи ја врската, ќе заклучиме дека образованието мора да ја потхранува демократската вредност, а тоа не е возможно доколку се ограничи слободата.
**А2: Ограничувањето на слободата на говор води кон злоупотреба**
Забраната на говорот на омраза во рамки на универзитетот значи и доделување право на раководните тела на истиот да одлучува за тоа што е говор на омраза, т.е. да одлучува за границите на слободата на говор. Доколку го дозволиме ова, ја оставаме отворена можноста за злоупотреба на ова право и креирање послушни студенти од страна на универзитетот.
Образовната средина во која се ограничува слободата на академските граѓани не е здрава едукативна средина во која сакаме да ги едуцираме прогресивните двигатели на нашето општество.

Опозицискиот тим овие аргументи, објаснувања и докази мора да ги оддржи во живот доколку сака да ја добие дебатата. За таа цел мора константно низ говорите да ја надградува стратегијата и да додава нови примери и објаснувања.

## 5.3 Негативи стратегии за напад на случај на политика

### 5.3.1 Негативни последици

Да тргнеме од претпоставката дека одреден проблем навистина постои и Владата прецизно го идентифукува причинителот на проблемот, т.е. вината. Владата, исто така, предложила издржан план кој води до придобивките кои Владата ги навела во случајот.
Дали е веројатно Владата да понуди ваков случај? Веројатно одговорот е позитивен. Дали тоа значи дека планот навистина треба да се усвои, а Опозицијата да ја изгуби дебатата? Уште поверојатно е дека одговорот ќе биде негативен.
Имено, не е особено комплицирано да се креира политика за решавање еден издвоен проблем во општеството. Компликација настанува во моментот кога ќе се сетиме дека решавањето на тој проблем не се одвива во еден изолиран систем, туку е дел од комплексно општествено уредување. Во вакво опкружување една политика која решава одреден проблем многу е веројатно дека ќе се одрази и на други општествени состојби, притоа доведувајќи до позитивни или до негативни последици врз нив. На пример, воведувањето данок за емисија на јаглерод за големите произведувачи сигурно ќе влијае позитивно на намалување на нивото на јаглерод во атмосферата, но очекувано е истото да има одредени импликации врз економскиот развој. Воведување политика за бесплатно образование на сите нивоа, можеби ќе го зголеми бројот на високо образовени луѓе, но, од друга страна, може да го намали севкупниот квалитет на образовниот систем поради немањето доволно фондови за инвестиции во развој на образованието итн.
Секоја политика, колку и да е добра има и негативни последици. Така, доколку планот навистина беше без никакви негативни последици, некој кој има одлучувачка моќ досега со сигурност ќе се сетел на „совршениот“ план кој го предлага Владата. Истиот ќе беше имплементиран насекаде и немаше да има потреба од дебата за поинакви решенија.
Несовршена политика се имплементира секојдневно, впрочем невозможно е да имаме политика која ги задоволува сите засегнати страни подеднакво од причина што различни општествени групи имаат различни интереси, а можностите за нивно задоволување се ограничени. Затоа речиси секогаш се донесуваат решенија на штета на некоја од засегнатите страни. Тоа што би било пресудно за да се одобри одредена политика е корист што ја добиваме да ги надминува штетните последици кои би можеле да настанат од неа. Главниот товар на Владата при предлагањето одредена политика е да

покаже дека истата ја подобрува моменталната состојба по однос на одредено прашање. Но, дали е тоа доволно доколку истовремено предизвикува и некаква штета? Секако одговорот на ова прашање ќе зависи од тоа колку е голема штетата која се предизвикува од планот. Доколку штетата е поголема до придобивките, тоа е доволно за планот на Владата да биде одбиен.

Оттука, честопати, Опозицијата избира стратегија на прикажување на негативните последици од планот на Владата. Опозицијата понудува специфични аргументи преку кои ги претставува негативните последици со цел да нападне одредена предлог-политика на Владата и да го спречи нејзиното имплементирање. Ваквите аргументи не се директен напад на тврдењата кои ги понудува Владата. Тоа се аргументи кои покажуваат дека покрај придобивките (кои може, но не мора да се оспорат) случајот на Владата ќе предизивика сериозни негативни последици кои истата не ги зела предвид при предлагањето на случајот.

## Структура на аргумент на негативни последици

### Основни елементи:

**1. Единственост**
Опозицијата генерално смета дека статус квото е попожелно од имплемантирање на планот. Оттука, Опозицијата мора да покаже дека штетата која ќе је предизвика планот на Владата, не е веќе присутна во статус квото ниту, пак, истото би ја создало доколку не се промени, т.е. планот на Владата ги влошува состојбите.

**Пример:**

Владата предлага приватен менаџмент на водоснабдувањето. Опозицијата ја обвинува Владата објаснувајќи дека приватните компании за разлика од државните (кои во моментот управуваат со системот) се мотивирани од профит и дека ваквата нивна мотивираност негативно ќе влијае на граѓаните.

**2. Врска**
Опозицијата мора да објасни дека токму владиниот план ќе ја предизвика негативната последица за која станува збор.

**Пример:**

Поттикнати токму од мотивацијата за што поголем профит компаниите ќе ги зголемат цените за водата и граѓаните ќе треба да плаќаат повеќе.

**3. Внатрешна врска**
Внатрешната врска е врската која објаснува зошто и како негативните последици ќе имаат влијание.

**Пример:**

Во општеството постои високо ниво на социјална нееднаквост. Зголемената цена на водата треба да претставува потешкотија за посиромашните слоеви, односно ќе претставува луксуз кој секој нема да може да си го дозволи.

**4. Влијание**

Влијание е самата конечна штета која настанува како последица на политиката.

## Пример:

Водата претставува основен предуслов за живот и Владата мора да се грижи за таа да биде достапна до граѓаните под поволни услови. Недостатокот на вода за пиење може да предизвика сериозно нарушување на здравјето и опасност по животот на луѓето.

## Дополнителни елементи

**1. Негативната последица е на раб да се случи**

Опозицијата покажува дека моменталнатално постојат предуслови за да се случат негативни последици доколку се имплементира политиката на Владата. Односно политиката ќе поттикне потенцијалните штети да ескалираат.

**2. Временска рамка**

Опозицијата покажува дека негативните последици ќе настанат многу брзо, а не во долгорочна перспектива со цел полесно да влијаат на одлуката на Домот.

**3. Праг на промена**

Опозицијата покажува дека планот на Владата го преминува прагот кој спречува негативните промени да се случат.

### Како одговара Владата на овој тип аргументи?

Со цел да се разбере процесот на побивање и одбивање аргументи интересно е да се претстави и како би можела Владата да реагира на некои од овие аргументи.

1. Последиците не се производ единствено од планот

## Пример:

Поскапувањето на водата ќе се случи секако бидејќи на глобално ниво се намалуваат расположливите ресурси на вода. Доколку сакаме ефикасен менаџмент на ресурсите мора да се вложува во инфраструктурата, а тоа чини пари. Дури и онаму каде владата го менаџира водоснабдувањето цените ќе се покачат.

**2. Не постои врска**

А) Последицата нема да се случи бидејќи врската меѓу планот и негативните последици не постои.
Б) Не само што нема да се случи штета, туку ситуацијата ќе се подобри.

**Пример:**

Точно дека приватните компании се водат од профит, но тоа е добро бидејки ги мотивира на ефикасен менаџмент со ресурсите. Доколку преку инвестициите во инфраструктурата се обезбеди заштеда на вода цените нема значително да се зголемат и што е уште поважно

**3. Политиката нема негативно влијание**

А) Последицата не е доволно сериозна.
Б) Друга акција ќе го ублажи дејството.
В) Всушност, не се работи за штета, туку за придобивка.

**Пример:**

Поскапувањето на водата воопшто не е сериозен проблем во споредба со нејзиното прекумерно трошење од страна на домаќинствата како и нејзиното губење низ нефукнционалната инфраструктура. Со зголемувањето на цената луѓето ќе почната да штедат и рационално да ги искористуваат ресурсите на вода, за разлика од денес кога нерационало ја трошат. Сумата за вода која ја трошат луѓето ќе остане иста, а како придобивка имаме заштеда на водата.

Опозицијата се разбира може да понуди голем број на негативни последици. Она што е важно е да покаже дека овие негативни последици ги надминуваат придобивките и оттука претставуваат доволно разумна причина за планот да се отфрли.

## 5.3.2 Контраплан

Јасно е дека Владата и Опозицијата во една дебата имаат различни улоги. Имено, Владата има обврска да докаже, да оправда или да промени одредена состојба. Опозицијата го нема овој товар. Единствена обврска на Опозицијата е да покаже дека тоа што Владата го тврди е неточно, неоправдано или непожелно, без притоа да е обврзана да понуди нешто што е поточно, пооправдано или, пак, попожелно од предлозите на Владата. Главно, Владата е оној тим кој брани промена, а Опозицијата ја одрекува потребата за промена.

Секако, Опозицијата на ниту еден начин не е ограничена да ја задржи ваквата позиција. Еден од можните пристапи преку кој би можела да ги убеди судиите да го отфрлат планот на Владата, секако, е да понуди подобро алтернативно решение. Токму затоа, честопати, во Британската парламентарна дебата на политика се користи стратегијата контраплан. *Контраплан е предлог-план кој Опозицијата го понудува со цел да обезбеди причина планот на Владата да биде одбиен.*

Тоа значи дека Опозицијата одбира да предложи сопствен план за решавање на проблемот за кој станува збор во дебатата. Оваа негативна стратегија дава сосема нова перспектива на улогата на Опозицијата. Сега Опозицијата не само што треба да докаже дека опцијата што ја понудила Владата е лоша, дополнително Опозицијата добива и нов товар, т.е. сега треба да докаже и дека алтернативното решение кое таа го предлага е подобро од тоа на Владата.

Начинот како ќе биде поставен контрапланот, пред сè, ќе зависи од пристапот што го имала Владата при градењето на случајот. Доколку Владата предложила усвојување предлог-политика и преземање акција за нејзина имплементација, тогаш и Опозицијата треба да понуди соодветен контраплан, односно нова предлог-политика. Доколку, пак, Владата предлага специфично стојалиште во однос на одредени факти или вредности, Опозицијата треба да дејствува соодветно во овој предлог, т.е. да предложи поинакво стојалиште. Тоа што е важно е позицијата која ја гради Опозицијата да ја рефлектира позицијата на Владата, односно да се дебатира на прашањето што го предложила Владата, и тоа, токму на начинот на кој истото било предложено.

Заемна исклучливост на плановите

Планот што го предложила Владата и планот на Опозицијата мора да бидат компетитивни. Компетитивноста значи дека планот на Опозицијата може да се усвои единствено како замена на планот на Владата, односно како план кој ја исклучува можноста истовремено да се имплементира и планот на Опозицијата. Ова е еднинствен начин на кој Опозицијата може да победи во дебатата нудејќи контраплан.

Имено, погоре е наведено дека улогата на Владата е да докаже дека нејзиниот предлог ќе донесе придобивки во однос на моментната ситуација и оттука да бара истиот да биде прифатен.

### Пример 1.1

**План:**

Владата предлага план за намалувањето на проблемот со глобално затоплување да се решава преку намалување на нивото на јаглерод во атмосферата кој е предизвикувач на истото. Тоа го постигнува преку воведување даноци за емитување јаглерод со цел да се регулира нивото на испуштање јаглерод во атмосферата од страна на големите производувачи.

Опозицијата може да понуди план кој ќе донесе придобивки кои се многу поголеми или, пак, позначајни од оние на Владата.

### Пример 1.2

**Контраплан 1:**

Опозицијата се согласува дека високото ниво на јаглерод во атмосферата е најголем причинител на глобалното затоплување. Потоа се согласува и дека компаниите се најголеми производувачи на јаглерод. Но, смета дека проблемот со преголема застапеност на јаглерод диоксид треба да се решава преку зголемување на зелените површини, односно пошумување и дека на тој начин може да се наутрализира штетното дејство на емисијата на јаглерод. Притоа, дава аргументи со кои покажува дека пошумувањето е поисплатливо бидејќи има помалку негативни последици во однос на јаглеродниот данок.

Да претпоставиме дека Опозицијата во текот на дебатата успеала да докаже дека нејзиниот план навистина нуди повеќе придобивки во споредба со оној на Владата. Иако навидум изгледа дека подобро би било да се усвои план кој нуди повеќе придобивки, во случајов планот на Опозицијата, тоа не е доволно за Опозицијата да ја добие дебатата. Наведовме дека примарната улога на Опозицијата е да даде причини предлогот на Владата да биде одбиен. Опозицијата нема задача да го реши проблемот за кој се дебатира. Понудувањето план кој е подобар од оној на Владата, само по себе не е причина за истиот да биде отфрлен. Имено, не постои никаква пречка која би ни оневозможила

да се реализираат двата плана истовремено. Доколку е така, Опозицијата не успеала да ја исполни својата задача. Во овој случај Владата ќе ја добие дебатата бидејќи ја одиграла својата улога, односно ја одбранила промената.

### Пример 1.3

**Одбранбена стратегија на Владата:**
Владата може да се согласи дека пошумувањето придонесува за спречување на глобалното затоплување и дека паралелно со воведувањето на данокот за емисија на јаглерод може да се инвестира во пошумување на голите површини. Овие акции заедно би направиле двојно поголем придонес за решавање на проблемот.

Оттука, при понудувањето на контраплан, особено значајно е истиот да биде взаемно исклучив со планот од Владата.

### Пример 1.4

**Контраплан 2:**
Опозицијата се согласува дека емисијата на јаглерод е најголем причинител на глобалното затоплување. Се согласува и дека компаниите кои се најголеми произведувачи на јаглерод треба да го намалат нивото на емисија. Но, поради тоа што Опозицијата смета дека даноците лошо ќе влијаат на економијата, таа предлага проблемот да го реши самиот пазар преку воведување одредени пазарни механизми, наспроти регулаторниот пристап кој го има Владата. Опозицијата нуди аргументи со кои покажува дека пазарниот пристап подобро би го решил проблемот.

Овој контраплан го исклучува планот на Владата бидејќи не е возможно истовремено Владата да регулира, но и да остави на пазарот самиот да се соочи со истото. Во овој случај, судијата е ставен во позиција да се одлучи само за едно од понудените решенија.

Главно, постојат 3 услови за Опозицијата да добие една дебата користејќи контраплан како средство за напад:
1) треба да покаже дека планот на Владата не го решава проблемот и оттука е потребно да се понуди нов план;
2) треба да понуди план кој компаративно нуди повеќе и/или подобри придобивки од оние на Владата;
3) треба да докаже дека планот кој го понудува, ја исклучува можноста за усвојување и реализација на планот претходно понуден од Владата.

### Видови на контраплан:

Постои широк опсег на можности од кои Опозицијата може да избере при понудувањето контраплан. Некои од нив се генерални стратегии кои може да бидат применети за различни случаи, а други, пред сè, ќе зависат од конкретниот случај кој е понуден. Дел од нив ќе бараат целосно отфрлање на предложениот план, додека други мали промени. Секако, секоја од нив има за цел планот кој го предлага Владата, или дел од него, да биде отфрлен или заменет. Во продолжение се објаснети неколку видови на контраплан.

### Опозицијата бара промена на извршителот

Секој план има извршител кој треба да е задолжен за негово спроведување. Поаѓајќи од тоа дека во

зависност од тоа кој ја имплементира акцијата може да постигнеме различен резултат, Опозицијата може да се согласи со конкретната предлог-политика на Владата, но да бара промена на извршителот кој треба да ја спроведува. Така, на пример, Опозицијата може да тврди дека конкретната предлог-политика која Владата предлага да се спроведува на централно ниво, пр.: програма за економски развој, би била посоодветно спроведена на регионално или на локално ниво бидејќи потребите варираат во зависност од степенот на развој на одредена област.
Опозицијата може да брани став дека одреден проблем мора да се решава на меѓународно ниво за да биде постигнат напредок. Понатаму, може да станува збор за замена на една држава или, пак, една меѓународна организација, со друга држава или, пак, меѓународна организација итн.

### Опозицијата бара проблемот дополнително да се истражува

Понекогаш владите предлагаат решение на проблеми, за кои постоечките истражувачки дејности или достапните информации не успеале да ги идентифукуваат причините кои го предизвикуваа проблемот ниту, пак, да дадат насока во која би требало да се насочи акцијата за решавање на истиот. Во оваа ситуација Опозицијата може да даде предлог, поради неизвесноста за резултатот од предложениот план, наместо да се усвои планот на Владата, да се остави време за дополнителни истражувања на темата со цел да се најде посоодветен начин за соочување со проблемот. Притоа, Опозицијата би требало да предложи план за истражувањето давајќи основни податоци од типот на тоа кој треба да го спроведе истражувањето, колку време треба истото да трае и, конечно, и најважно што треба да се случи по завршувањето на самото истражување. Имено, истражувањето само по себе нема да биде доволно доколку планот не обрзува одреден агент да преземе конкретна акција според препораките кои би ги дал извештајот од истражувањето.

### Опозицијата бара консултација

Опозицијата може да се согласи со предлог-решението на Владата и да прифати дека истото би довело до големи придобивки. Сепак, во случај кога постои можност одредена трета страна да биде сериозно засегната од решението, Опозицијата има права да предложи контраплан во кој бара таа трета страна да биде консултирана пред решението да стапи во сила. Така, на пример, Владата предлага дека Република Македонија, под притисок на Грција, во интерес на интеграциите во ЕУ и во НАТО, треба да го промени уставното име во ново име: Република Северна Македонија. Опозицијата може да потврди дека името треба да биде променето и дека името кое го предлага Владата е соодветно, но поради фактот што ова прашање е од огромен национален интерес за еден народ, може да побара за истото по пат на референдум да бидат консултуирани самите граѓани.

### Опозицијата бара акцијата да биде одложена

Опозицијата може да се согласи со предлог-политиката на Владата, но да предложи одложување на усвојувањето или спроведувањето на планот на Владата за одреденено време или сè додека не настанат или, пак, се создадат одредени политички, економски или социјални предуслови кои ги утврдува Опозицијата. На пример, Опозицијата би можела да бара предлог-планот за укинување на визниот режим на ЕУ кон земјите од Западен Балкан да се одложи сè додека земјите не ги исполнат условите за безбедност на границите и патувачките документи на своите граѓани.

### Опозицијата бара поинаков начин на решавање на проблемот

Во овој случај Опозицијата тврди дека пристапот што го има Владата за решавање на проблемот е целосно погрешен. Оттука, Опозицијата понудува предлог-решение кое е сосема спротивно од предлог-решението на Владата. Од овој тип е горенаведениот пример за решавање на проблемот со емисија на јаглерод диоксид преку механизми на пазарот наспроти регулативи од страна на Владата. Дополнителни примери би биле: систем на награди наспроти систем на казни, методи на присила наспроти личен избор, дефинирање прекршок наместо кривично дело итн.

### Опозицијата бара делумна промена

Тоа што Опозицијата не се согласува со планот на Владата, не значи дека е принудена целосно да го отфрли или замени. Во некои случаи кога планот на Владата се состои од повеќе сегменти, Опозицијата може да одбере да побара исклучување или промена само на еден сегмент од планот кој го предложила Владата. Се разбира, Опозицијата ќе мора да покаже зошто токму таа промена значително ќе ги спречи негативните последици кои би произлегле од планот во формата во која е претставен. На пример, доколку Владата предлага зголемување на даноците за големите корпорации, Опозицијата може да предложи од ваквото зголемување да бидат изземени оние корпорации кои работат во област која не е доволно развиена.

## 5.3.3 Критика

Една од можните стратегии кои Опозицијата може да ги искористи при напаѓање на случајот на Владата е да одлучи да го критикува случајот кој Владата го предложила. Ваквата критика, пред сè, и многу повеќе ќе се однесува на самата содржина, т.е. на текстот на случајот отколку на можните импликации до кои предлогот на Владата би довел под претпоставката дека е прифатен и имплементиран во реалниот свет. Критиката, всушност, се базира на пронаоѓање на недоследностите кои постојат во случајот и го прават неконзистентен сам по себе. За оние кои ја применуваат оваа стратегија случајот, пред сè, е текст кој треба да биде анализиран.
Имено, аргументите со кои се служиме во дебатата секако произлегуваат од одредени претпоставки и сфаќања кои ги имаме стекнато во текот на животот. Ваквите претпоставки можат да бидат различни како последица на голем број различни фактори во различни опкружувања. Поддржувачите на критиката како стратегија сметаат дека некои претпоставки од кои поаѓаме во дебатата се доволно значајни за да можат да влијаат на тоа целиот случај да пропадне доколку истите се докажат како невистинити или погрешни. За критичарите значењето на некои поими кои ги земаме како точни поради општите верувања, во дебатата не се валидни, т.е. дополнително треба да се докажат.
За да критикуваме определен елемент од случајот на Владата, мора директно да ги разгледуваме јазикот, резонирањето, претпоставките, интерпретациите, па и доказите кои ги понудува Владата при своите тврдења. Тоа што е клучно за да може да ја разбереме критиката и да критикуваме е да бидеме свесни дека сè зависи од тоа што разгледуваме и која е перспективата од која го разгледуваме. Критиката се базира на постоењето различни сфаќања и различни перспективи на нештата.
Во случајот постојат три фокуси кои се најчесто критикувани. Тоа се: јазикот, вредностите и размислувањето.

- **Критика на јазикот**

Еден од начините на кои можеме да го нападнеме случајот е тоа да го критикуваме јазикот кој Владата го користи при својот случај и да покажеме дека истиот влијае на дебатата. Таа се базира на поинакво толкување на одредени поими кои ги користи Владата и може да ги квалификува како погрешни, ризични и штетни. На пример, Опозицијата може да критикува дека одредени ставови изнесени од Владата се сексистички, понижувачки, дискриминаторни, па дури и говор на омраза итн. Така користењето на фразата „Земји од третиот свет" може да биде кртикувано дека создава неприродна и штетна хиреархија во светот, дека е понижувачка за земјите кои се именуваат со оваа фраза. Понатаму, Опозицијата може да критикува дека борците за слобода во одреден случај се нарекуваат терористи. На овој начин Опозицијата најчесто бара Домот да не го прифати предлогот на Владата дури и без да размислува за него. Опозицијата инсистира на тоа дека е доволно погрешно Домот да дозволи употреба на таков јазик. Дополнително, Опозицијата покажува како ваквиот јазик се имплицира на реалноста.

- **Критика на вредностите**

Во дебата постои тенденција вредностите да се разгледуваат како апстрактни концепти, но не смееме

да заборавиме дека овие концепти се примарната појдовна точка за одлуките кои ги донесуваме или, пак, за политиката што ја имплементираме. Како последица на ова, политиката никогаш не можеме да ја разгледуваме издвоено од вредноста на која се базира.
Во самата дебата ова се постигнува на начин што прво идентификуваме одредена вредност, ја критикуваме и подоцна покажуваме како таа критика влијае за да се потцени целиот случај.

**А) Критика на значењето на вредноста**
Ваквата критика е блиска до критиката на јазикот. Имено, Опозицијата критикува дека вредноста што ја понудува Владата, не може да се поистовети во вредноста која реално ја достигнува случајот. Односно дека вредноста која е предложена не го означува ова што Владата го претпоставува во случајот.

## Пример:

**За да поддржи определен случај кој предвидува испраќање мировни сили за спречување на воен конфликт, Владата истото го оправдува тврдејќи дека на тој начин ја поддржува вредноста „одржување мир“. Односно дека одредена сила преку мировните сили го поддржува создавањето мир во одредено воено подрачје.**
**Опозицијата ја критикува Владата дека мировните сили имаат за цел да создадат мир, но единствен начин да го постигнат ова е преку спречување на конфликот кој моментално постои. Единствен начин да се спречи тој конфликт е насилно или преку тоа што ќе создаде страв за поголем конфликт доколку насилството продолжи или, пак, преку директна употреба на повеќе насилство. Дури и самото спречување на конфликтот е потенцијална закана за избивање поголем конфликт и истата е чин на насилство. Од ова, Опозицијата заклучува дека Владата не го поддржува мирот бидејќи целата филозофија на нејзиниот случај се базира на насилство. Имено, основната претпоставка дека насилството е лошо (претпоставка понудена од Владата), сега оди на штетата на самата влада. Опозицијата сега покажува дека предлогот на Владата за испраќање трупи не е решение на проблемот, туку е дел од самиот проблем. Дополнително, пожелно е Опозицијата да се обиде да докаже дека употребата на насилство ќе предизвика повеќе насилство во конкретен случај за кој станува збор.**

**Б) Недостижност на вредноста**
Знаеме дека вредностите сами по себе означуваат одредено добро, кое е општо прифатено. Но, не секогаш вредностите за кои размислуваме апстрактно можат лесно да бидат достигнати или, пак, можеме да ги сметаме за бесконечни категории. Најчесто за вредностите се зборува во многу опширен концепт, затоа и лесно ги прифаќаме.
Имено, мнозинството верува во слобода, но ако јаземеме, на пример, слободата на една индивидуа, ќе увидиме дека истата завршува онаму каде што почнува слободата на друга индивидуа. Никој нема безгранична слобода, како, на пример, да убива или да нанесе некаква штета на некој друг. Самиот факт дека луѓето одлучиле да живеат во заедница значи дека тие се меѓусебно поврзани и зависни. Оттука нечие право да ужива одредена слобода, може да му попречува на некој друг да ужива во истата таа слобода.

**Пример:**

Владата ја брани тезата: „Водата треба да се смета за општа сопственост“, притоа базирајќи се на тврдењето дека водата треба да се смета за човеково право, т.е. ја вреднува како човеково право бидејќи без неа животот е невозможен. Опозицијата ја критикува Владата велејќи дека оваа вредност не може да се смета за одлучувачки фактор во дебата. Тоа го образложува на начин што вели дека водата не може да се смета за човеково право, подеднакво достапно за сите од причина што водата е ограничен ресурс. Дополнително, таа не доаѓа магично во нашите домови туку за да биде питка, поминува низ долга процедура кој чини пари. Оттука случајот кој се базира на вредноста на водата како човеково право е тотално погрешен бидејќи мојата неограничена слобода да консумирам вода, може да значи дека нема да има доволно вода за некој друг, а како последица на тоа истиот нема да ја има слободата да ужива во ова право.

**В) Конфликт меѓу вредности**

Ретко дека некој ќе се спровтистави на слобода, мир, правичност, еднаквост и сл. доколку истите ги разгледува како одделни концепти. Но, веќе напоменавме дека вредностите добиваат поинакви перспективи кога ги разгледуваме во конкретна ситуација или при имплементирање конкретна политика. Честопати, едни вредности се во директен конфликт со други вредности. Моето право да бидам информирана, понекогаш е во конфликт со правото на приватност на политичките кандидати, на пример, слободниот печат често е во конфликт со вредноста на фер судење итн. Оттука при предлагањето одреден концепт или, пак, политика, најчесто постојат проблеми кои се јавуваат како последица на конфликт меѓу различни вредности. Во тој случај одредена вредност се критикува на начин што ќе покажеме дека таа вредност пречи на друга повисока вредност и оттука не треба да биде прифатена.

**Пример:**

Владата предлага случај во кој се противи и го осудува ограничувањето на слободата на говор на универзитетските кампуси, каде постојат специјални кодекси на говор кои ја ограничуваат слободата на изразување која инаку им е загарантирана на граѓаните, притоа вреднувајќи ја слободата на говор како највискока вредност.

Опозицијата критикува посочувајќи дека Владата не смее да брани апсолутна слобода на говор бидејќи универзитетите се издвоени институции со специфична мисија и вредности. Како такви тие имаат примарна обврска да ги зачуваат своите вредности, а, пред сè, да обезбедат еднакви можности, почитување на личноста и пријатна средина. Специфичните кодекси на однесување ја штитат секоја индивидуа од дискриминација, навредување, заплашување и малтретирање без разлика на расна, национална, етничка, полова припадност, каков било хендикеп или, пак, религија, културни обележја и сексуална ориентација. Неограничената слобода на говор е потенцијална закана на овие вредности, овие вредности се од неспоредливо повисока важност за универзитетската средина, оттука вредноста на Владата не треба да биде поддржана.

- **Критика на размислувањето**

Овој вид на критика се базира на тврдењето дека има нешто погрешно во претпоставките кои ги нуди Владата, па оттука и од заклучоците кои се јавуваат како резултат на овие погрешни претпоставки. Тоа што се бара е некаква грешка во самиот начин на кој размислува Владата. Имено, дури и во науката каде се претпоставува дека добиваме факти, значајно е да се разгледува и оценува начинот на кој доаѓаме до овие факти. Така во дебата, за решението на одреден проблем значајно е и на кој начин сме му пристапиле на проблемот. Знаеме дека за да предложиме одредено решение во дебата

ние идентификуваме одреден проблем и ја бараме причината која го предизвикала или сè уште го предизвикува (основен предуслов за да најдеме соодветно решение). Опозицијата може да избере да го критикува случајот на Владата велејќи дека Владата погрешно ја идентификувала причината за проблемот и оттука, нормално, случајот целосно се развил врз погрешна претпоставка.

### Пример:

Домот го ставил на дискусија проблемот со злоупотреба на дрога и бара негово решавање. Владата како причинител на проблемот на злоупотреба на дрога и последиците кои произлегуваат од истиот ја идентификува слабата примена на законите кои се соочуваат со злоупотребата на дрога и криминалот поврзан со неа. Оттука, Владата предлага засилени законски регулативи и засилена примена на законот. Опозицијата критикува дека Владата не ја идентификувала вистинската причина на проблемот. Имено, Опозицијата ја опоменува Владата дека испушта да земе предвид дека наркоманијата е зависност и дека треба да биде третирана како болест. Причината на проблемот Владата ја наоѓа токму во тоа. Секако, затоа смета дека единствен план кој може да го реши проблемот е таков план кој го адресира овој пробем како болест и се фокусира на едукација, намалување на штетата при користење дрога и обид за лекување. Критиката е фокусирана на погрешна идентификација на вината.

# 6. ПРАШАЊА И КОМЕНТАРИ

Во многу дебатни формати кои се користат низ светот, за заемното поставување прашања меѓу говорниците на дебатата постојат и одделни секции меѓу одделните говори. Овие секции се надвор од времето предвидено за говорите и се наречени „вкрстено испрашување". Тоа не е случај и за форматот на Британската парламентарна дебата. Овој формат на дебатирање е специфичен по тоа што прашањата се вметнати во рамките на самите говори.

Дебатерот, кој во моментот држи говор, може да добие прашање од кој било од четворицата дебатери од двата противнички тима. Поставувањето прашања не е дозволено само во првата и во последната минута од говорите. Најчесто еден од судиите или тој што е задолжен за мерење на времето звучно ги означува почетокот и завршетокот на периодот во кој е дозволено да се поставуваат прашања, најчесто со плескање со двете раце или, пак, со потчукнување со едната рака на масата на која е сместен конторлорот на време.
Формата на обраќање до дебатерот кој говори од противничките тимови не мора да биде во прашална форма, тоа може да биде прашање или, пак, коментар на тоа што го говори дебатерот во моментот.
Како што веќе споменавме, Парламентарната дебата влече корени од Англиската школа на дебатирање која произлегла од методот на дебатирање кој се користел во националниот законадавен дом како и во судовите во оваа земја. Традиционалните белези на овој формат се вметнати и во денешната натпреварувачка Парламентарна дебата, а за тоа сведочи и самиот начин на поставување на прашањата. За време на тие историски дебати, дискутантите во тоа време, во кралството Англија носеле бели перики и секогаш кога станувале да постават прашање со едната рака ја придржувале својата перика да не им падне при станувањето од место, а со другата покажувале кон лицето кон кое го насочувале прашањето.
Оттука во Британската парламентарна дебата, кога сакаме да поставиме прашање стануваме од својот стол, едната рака ја поставуваме на задната страна од својата глава, а другата отворена шака да ја насочуваме кон лицето кое говори во моментот. Притоа, ги употребуваме фразите: „Прашање, ве молам", „Во контекст на кажаното" или, пак, можеме директно да ја именуваме темата на која сакаме да поставиме прашање: „За заштитата на малцинствата, ве молам". Во текот на барањето и поставувањето на прашањето пожелно е погледот да ни биде насочен кон судиите. Откако ќе го зададе прашањето, дебатерот треба веднаш повторно да седне на своето место и да го чека својот одговор.

## 6.1 Поставување прашање и коментари

**Со која цел се поставуваат прашањата во Британската парламентарна дебата?**
Можноста да го прекинеме говорот на противничкиот дебатер и да поставиме прашање или, пак, да дадеме коментар на кажаното е од големо значење за дебатата. Преку прашањата добиваме можност да останеме активни во текот на целата дебата. Само на овој начин нашите аргументи остануваат релевантни. Така, на пример, до моментот кога Втората опозиција има можност да се вклучи во дебата веќе се поминати 5 говори. Доколку во дебатата се вклучи дури кога ќе дојде времето за говорење на лидерот на Втората опозиција, тоа е предоцна за да може да влијае на дебатата. Можноста за прашања и коментари е подеднакво важна и за другите тимови во дебатата.
Преку активноста во дебата во форма на прашања и коментари тимовите успеваат да ги постигнат следните цели:

1. **Најава на сопствениот случај**
   Во Британската парламентарна дебата особено е значајно за вторите два тима својот случај во дебата да го изложат што порано. Ова може да го постигнат само преку поставување прашања и давање коментари кои се однесуваат на сопствениот случај.

2. **Зачувување на релевантноста на сопствениот случај**
   Од аспект на Првата влада и Првата опозиција прашањата и коментарите се важни за зачувување на актуелноста на нивните аргументи во втората половина од дебатата.

3. **Напад на случајот на противничкиот тим**
   Прашањата и коментарите ни даваат можност да прикажеме грешка или контрадикторност во излагањето на противникот, т.е. противникот да го наведеме да го признае нејзиното постење.

**Какви треба да биде прашањата и коментарите во Британската парламентарна дебата?**
Кога говорникот кој е на говорницата ќе му додели право на збор на противникот, тој мора да го формулира прашањето или коментарот во 10-15 секунди. Притоа, прашањето мора да биде јасно и концизно бидејќи нема можност за дообјаснување на прашањето. Откога ќе го изговори прашањето, прашувачот мора веднаш да се врати на своето место. Доколку прашувачот одзема премногу време при поставување на прашањето, говорникот кој има збор има право да му посочи дека мора да заврши и да му го одземе правото на прашање или коментар.

1. **Аргумент во форма на прашање**
   На овој начин, всушност, ние претставуваме сопствен аргумент преку прашање. На пример, во дебата за смртната казна може да се постави следното прашање: „Зарем не мислите дека смртната казна токму поради својата суровост ќе дејствува превентивно на потенцијалните злосторници?“

2. **Изнесување факти**
   Често аргументите на противниците се засноваат на еден или на повеќе факти. Сепак, најчесто постојат и факти кои го оспоруваат тврдењето на противниците или, пак, го докажуваат спротивното. Можноста за прашања и коментари е одлична за да се изнесат ваквите факти. Доколку, на пример, противниците тврдат дека „Армијата на САД е супериорна во секој случај поради...... “ , добро прашање би било: „Се сеќавате ли што се случи во Виетнам?“

3. **Изложување слабост во тврдењата на противнците.**
   Тврдењата на противничкиот тим, честопати, може да се недоволно силни, контрадикторни, или, пак, да занемаруваат важен факт кој е клучен за дебата. Така, на пример, додека еден говорник ги објаснува продобивките од планот за преговори со Иран, прашањето може да биде: „Зошто зборувате за можните придобивки од преговорите кога не успеавте да ги побиете нашите аргументи кои докажуваат дека Иран воопшто не би влегол во преговорите“.

## 6.2 Прифаќање прашања и коментари

### Колку прашања и коментари треба да се прифатат во текот на говорот?

Членовите на противничките тимови постојано стануваат и бараат да постават прашање или коментар. Секако, тој што зборува во моментот е оној кој одлучува дали и кога ќе им дозволи на противниците да зборуваат. Затоа говорникот има право да одлучи дали да ги прифати или да ги одбие.
Не само што говорникот не може да ги прифати сите прашања и коментари, туку тоа е непожелно. Треба да се прифатат 2-3 прашања или коментари во текот на говорот. Секако, не е забрането да се прифатат

повеќе, но, сепак, говорникот има своја улога во дебатата и тој е оној кој треба да го контролира својот говор. Прифаќањето на повеќе од 3 прашања или коменатари претставува безполезно трошење на времето за говор.

### Кога треба да се прифати прашање или коментар?

Се разбира, прашања и коментари се примаат во дозволеното време, т.е. меѓу втората и шестата минута. Но, моментот во кој говорникот ќе одбере да ги прифати прашањата и коментарите на противниците може да влијае на успешноста на самиот говор. Прекинувањето на говорот може да ја попречи и да ја наруши организацијата и јасноста на излагањето доколку прашањата се прифатат во погрешно време. Не е препорачливо да се прифаќаат прашања сè додека говорникот не ги поставил основите на својот случај, понатаму говорникот не смее да си дозволи да прифати прашање пред да ја заврши една започната мисла, треба да избегува прашања во оние моменти кога ги објаснува ранливите делови од случајот итн.

### Како треба да се одговара на прашањата и на коментарите?

1. **Давање директен одговор**
   Ова е најпосакуваната можност. Доколку говорникот има одговор на прашањето/коментарот и е убеден во цврстината на својот случај веднаш накусо одговара на прашањето/коментарот и продолжува со своето излагање.

2. **Одложување на одговорот**
   Доколку однапред сте планирале да зборувате за прашањето кое го излага противникот, особено ако истото е сложено и бара повеќе време, слободно одговорете дека ќе го одговорите подоцна. На овој начин одбегнувате нагло префрлање од една на друга поента и ја задржувате добрата организација. Единствено што треба да внимавате е во моментот кога ќе стигнете до делот каде одговарате на зададеното прашање/коментар да нагласите дека тоа е одговорот кој противникот го барал од вас.

3. **Заобиколете го одговорот**
   Нема секогаш да бидете подготвени да го дадете одговорот или коментарот кој се бара од вас. Ова може да му се случи секому. Тоа што не смеете да го направите е да молчите 30 секунди притоа изгледајќи збунето. Реагирајте веднаш, притоа може да кажете дека прашањето не е релевантно за дебатата, дека не го разбирате прашањето, одложете го, дајте површен одговор, повторете дел од вашиот случај. Сè е подобро отколку да ја изгубите концентрацијата и да се исплашите.

### Каков треба да биде стилот при прифаќањето или одбивањето на прашањето?

Начинот на кој реагираме на прашањата и коментарите, пред сè, зависи од стилот на самиот дебатер кој говори. Притоа, може да бидеме учтиви или груби, вербално да го прифатиме или да го одбиеме прашањето: „Повелете, ве молам", „Ќе го прифатам пршањето", „Да", „Не во овој миг", „Седнете госпоѓо", „Не", итн. Или, пак, само да одмавнеме со раката кон лицето доколку го прифаќаме прашањето или, пак, посочувајќи кон столчето на противникот доколку сакаме противникот да седне на своето место. Без разлика на стилот, мора да се задржат пристојноста и основната клутура на дијалог.

# 7. ДЕБАТНИ ВЕШТИНИ

Британската парламентарна дебата им помага на студентите да даваат говори, кои се подготвени за многу кратко време на теза која штотуку ја слушнале, односно да зборуваат без конкретна подготовка за самиот говор кој треба да го испорачаат. Притоа, нивните говори мора да бидат структурално организарани и аргументирано поткрепени. Ова не е ниту најмалку едноставно. Иако изгледа дека не е потребен голем труд, сепак, умешноста во Британската парламентарна дебата се постигнува со многу вежбање и со сериозни подготовки, а притоа се развиваат неопходни вештини како за дебатата како академска натпреварувачка дисциплина, така и воопшто за животот.

## 7.1 Јавно говорништво

Оваа вештина се развива единствено преку вежбање и повторување, со што студентите добиваат самодоверба, која инаку би била присутна во „застрашувачки“ ситуации, кога, на пр., треба јавно да се обратат пред неколку стотици луѓе. Секако, никој не може да стане добар јавен говорник доколку не ги учи техниките на јавното говорење и не спроведува истражувања на тези. Во продолжение се наведени неколку совети и правила за јавното говорење кои во голема мера се релевантни за успешни говори при дебатирањето.

**Совети:**

- Говорот на телото е многу важен во една дебата - да стоите и да произведувате соодветни гестикулации со рацете и изрази на лицето е посоодветно и попреферирано отколку да седите.
- Не читајте додека држите говор, без разлика колку е времетраењето на говорот кој треба да го дадете, сосема е нормално да погледнете во вашите забелешки кои треба да ви служат само како потсетник. Затоа е препорачливо во бележникот да се запишуваат само најважните поенти од говорот.
- Внимавајте на тонот и на брзината со која зборувате. Не зборувајте брзо, но секогаш бидете доволно гласни во говорењето. Звучете самоуверено. Доколку погрешите додека зборувате, исправете ја грешката и продолжете. Нема потреба од извинувања.
- Секогаш одржувајте контакт со очите со судиите и/или со публиката. На овој начин секогаш ќе успевате да го привлечете вниманието и што е уште поважно да го задржите.
- Пауза - додека држите говор, дозволете си кратки паузи со цел да размислите за што понатаму во говорот, како и да им дадете на судиите и/или на публиката време за рефлексија на кажаното дотогаш.
- Хумор - секогаш кога има простор и е соодветно додавајте хумор во вашиот говор. Држете ги судиите и/или публиката заинтересирани додека трае целата презентација на вашиот говор.

## 7.2 Медиумска писменост

Бидејќи студентите мораат постојано да бидат во тек со актуелните случувања, тие треба постојано да споредуваат, да оценуваат и да консултираат информации од различни медиуми. Преку ова, тие развиваат способност што произлегува како дел од пребарувачките вештини, а тоа е медиумската писменост.

Дебатниот процес го поттикнува учењето, така што студентите мораат да смислуваат докази и аргументи за да поддржуваат некоја страна на дадена теза. Затоа студентите треба да бидат информирани за случувањата.

Медиумската писменост оди рака под рака со развивање и на следниве вештини: читање, разбирање и аргументација. Студентите учат да анализираат аргументи, да ја оценуваат нивната веродостојност и цврстина, притоа развивајќи вештина на критичко анализирање на изворите на информациите и на самите информации.

Совет:
Секогаш бидете информирани за најновите случувања во државата и во светот. За таа цел следете ги најпознатите светски медиуми.

**Весници:**
www.economist.com
www.usatoday.com ,
www.nytimes.com ,
www.latimes.com ,
www.washingtonpost.com ,
www.chicagotribune.com ,
www.nypost.com .

**Телевизиски канали, односно вести :**
CNN (www.cnn.com),
BBC (www.bbc.co.uk),
CBS (www.cbsnews.com),
FOX (www.foxnews.com),
ABC (www.abcnews.go.com),
NBC (www.nbc.com).

## 7.3 Читање. Разбирање

Како што студентите ја градат нивната смисла за аргументација, тие стекнуваат алатки за зголемување на нивните способности за читање и разбирање бидејќи ќе можат да анализираат текстови напишани на високо ниво.

Дебатата ги учи студентите како критички да ги оценуваат многуте докази кои ќе бидат пронајдени во пребарувањата. Дебатерите секогаш темелно ги анализираат информациите со кои се среќаваат за да можат да ги разберат и соодветно да ги употребат при дебата, а, се разбира, и за да ја потврдат нивната веродостојност.
**Совет:**
Секогаш кога барате материјали за поткрепување на некоја тема одберате ги доказите со најверодостоен извор, со најсилна и најјасна порака во себе.

# 8. СУДЕЊЕ

Покрај едукативниот дел на дебата, подеднакво е важен и натпреварувачкиот дел. Во светот се организараат многубројни универзитетски првенства и дебатни турнири кои се можност за студентите да го практикуваат своето знаење, но и да се натпреваруваат и да се борат за престижот на институциите кои ги претставуваат. Се разбира, за да постои натпревар, треба да постојат правила на игра, но и мерила според кои се оценува успешноста.

Уште еден значаен елемент кој ја разликува дебатата од расправија или дискусија е фактот дека во дебатата аргументите кои ги понудуваат двата тима не се насочени кон спротивставената страна во дебатата. Дебатерите не се обудуваат да ги убедат своите противници во важноста и во вистинитоста на сопствените тврдења, туку нивното излагање е насочено кон трета страна во дебатата, т.е. кон судиите. Ова е уште еден од начините на кој дебата промовира различност во мислењата и во ставовите и ја потенцира важноста на толерантноста кон поинаквите мислења и ставови.

Во текот на дебата натпреварувачите воопшто не се обраќаат еден кон друг. Во текот на говорот тие се обраќаат на претседавачот на Домот, кој најчесто е и судија во дебатата. Во дебатата може да има и повеќе од еден судија, т.е. панел на судии кои одлучуваат а резултатот од дебата.
Во најголем број на дебатни формати секој судија самостојно донесува одлука и конечниот резултат на дебатата е збир на индивидуалните одлуки. Тоа што е карактеристично за форматот на Британска парламентарна дебата е тоа што одлуката судиите ја донесуваат со консензунс. Тоа значи дека секој од судиите одлучува одделно, но подоцна разговараат и гласаат меѓу себе и заеднички доаѓаат до финалната одлука и пополнуваат заедничко судиско ливче. Доколку судиите не можат да се договорат, за одлуката одлучува главниот судија, т.е. оној кој претседава во дебатата.

## 8.1 Одлука за победникот во дебата

Во дебатните формати каде се натпреваруваат два тима улогата на судиите е релативно едноставна. Судијата донесува одлука „за“ или „против“ тезата во дебатата, а со самото тоа едниот тим е победник во дебатата, додека другиот тим ја губи дебатата. Во Британската параментарна дебата оваа улога е малку посложена. Во дебата има четири тима, при што два тима застапуваат заедничка страна, а, сепак, секој тим се натпреварува против другите три тима. Ова значи дека судиите треба да одлучат која страна на тезата ја поддржуваат, но и кој бил тимот што ја застапува страната, а најмногу придонел за ваквата одлука. Оттука форматот на Британската парламентарна дебата значително го усложнува процесот на донесување одлуки. На крајот на дебата судиите, всушност, ги рангираат тимовите во дебата од 1 до 4 според нивниот ефект, односно според тоа во која мера и колку добро истите ја исполниле својата улога во дебатата. Тимовите се рангираат одделно и притоа немаме апсолутно никава повразност меѓу тимовите кои застапуваат заедничка страна во однос на нивното рангирање. Првата влада може да биде прворангирана, а Втората влада да заврши последна во една дебата.

## 8.2 Бодирање на тимовите

За освоена позиција во секоја дебата тимовите добиваат одреден број бодови. Според овие бодови, се оценува нивната генерална успешност на дебатните турнири и се одлучува кои тимови ќе дебатираат во осминафиналето, четвртфиналето, полуфиналето или финалето на турнирот. Во секоја рунда

тимовите се бодираат на следниот начин:
првопласираниот тим добива 3 поени,
второпласираниот тим добива 2 поени,
третопласираниот тим добива 1 поен,
четвртопласираниот тим не добива поени во дебата.

### Бодирање на говорниците

Покрај тоа што судиите го оценуваат настапот на тимот како целина кој е пресуден за самиот победник во дебата, дополнително го оценуваат и индивидуалниот настап на секој од говорниците. На секој говорник му се доделуваат идивидуални поени кои го оценуваат квалитетот на неговиот говор и неговата успешност во дебата. Индивидуалните поени не влијаат на одлуката во дебатата, но влијаат на генералниот пласман на говорникот на самиот турнир. Воопшто, говорникот се оценува според аргументацијата која ја понудува, исполнувањето на неговата задача, организацијата на говорот и презентациските вештини.

Поените за индивидуалните говорници, според стандардите усвоени за Светското универзитетско дебатно првенство, се доделуваат во согласност со следнава скала на бодирање.

| Поени | Квалитет на говор |
|---|---|
| **90-100** | Одлично до беспрекорно. Поени во овој опсег се доделуваат само за најдобрите говори кои некогаш ги слушнал судијата. Ова би требало да е говорник кој очекуваме да го видиме во самото финале на турнирот и подразбира целосно исполнување на улогата, екстремно силна аргументација, беспрекорна организација и одлични презентациски вештини. |
| **80-89** | Надпросечен до многу добар говор. Овој говорник е многу успешен во исполнување на своите задачи, но има мал број не многу значајни пропусти во текот на своето излагање. |
| **70-79** | Просечно до добро. Овој говорник одговара на поставените задачи. Поседува многу силни страни, но поседува и слабости. |
| **60-69** | Незадоволително до потпросечно. Овој говорник има малку позитивни елементи во своето излагање, но има и голем број проблеми при излагањето, пропусти и грешки. |
| **50-59** | Многу лошо. Овој говорник има многу слабости и само малку или воопшто нема позитивни страни. |

Сепак, и покрај постоењето на оваа официјална скала, постои непишана согласност околу границите во кои се движат поените. Тоа што е практика е да се доделуваат поени меѓу 60 и 80. Само во случаи кога говорникот е ужасно лош или екстремно добар се доделуват под 60 или над 80 поени.

## 8.3 Принципи и критериуми за судењето

Самиот натпревар како и судењето не би имале смисла доколку не посотојат принципи и стандарди според кои се одлучува во дебата. Имено, одлуката на судијата не е произволна ниту, пак, базирана на академските знаења и на индивидуалните вредноси кои истиот ги поседува како личност. За таа

цел постојат и правила според кои се води судијата при одлучувањето. По завршувањето на дебатата, судијата ја запишува својата одлука на судско ливче за кое постои посебен формат, но и има обврска својата одлука да им ја образложи на дебатерите (со исклучок во случаите кога одлуката останува тајна, најчесто во последните рунди, доколку тоа го наложат организаторите на турнирот).

Иако не може да негираме дека судијата е личност со индивидуални прецепции, истиот се води од неколку правила. Покрај тоа што судиите треба да ги познаваат овие правила за правилно да ги донесуват одлуките, познавањето на истите е подеднаково корисно и за дебатерите со цел да бидат свесни што судиите очекуваат од нив.

### 1. Судијата е tabula rasa

Секој судија треба да биде свесен дека неговото знаење или лични преференции во однос на темата не се релевантни за дебата. Значи судијата не може да очекува од дебатерите да го сменат неговото мислење за да победат во дебата. Обврска на судијата е да суди според квалитетот на аргументацијата понудена од тимовите. Судијата мора да суди од перспектива на непристрасен набљудувач во дебата. Тој не треба да ги оценува понудените аргументи како добри или лоши во однос на личнот став. За аргументот да биде земен предвид, во дебата доволно е тој да биде разумен, односно поддржан со логично објаснување од страна на тимовите. Исто така, судијата не само што се фокусира на тоа што дебатерите го бранат, туку за дебатата е значајно и како го прават тоа, т.е. начинот на кој ги застапуваат своите ставови.

### 2. Судијата ги оценува тимовите и дебатерите според исполнување на нивната улога во дебатата

Исполнувањето на улогите значи дека секој тим и дебатер ја извршува одредената задача во самата дебата. На пример, Првата влада има обврска да постави фер основа за дебатата. Доколку премиерот заборави да ја интерпретира тезата, секако, не може да очекуваме добра дебата. Оттука Првата влада, секако, треба да биде казнена за неисполнување на улогата. Исто така, во секој случај Првата влада ќе биде казнета доколку ја интерпретира тезата на нефер начин, односно ја одведе дебатата во неочекуван контекст, со што на сите учесници во дебатата не им овозможува да имаат еднакви можности. Понатаму, Првата опозиција веројатно ќе биде казнета доколку не ги нападне аргументите на Првата влада при излагањето на лидерот на опзицијата бидејќи не предизвикала судир итн. Тимовите на втората маса се казнуваат доколку не внесат нов матријал во дебата, т.е. нов аргумент или нова перспектива во анализа на тезата. Следењето на пропишаните правила во врска со тимските и со индивидуалните улоги е препорачливо поради тоа што ќе ве заштити од потенцијалните грешки, но тоа не е тоа што ви ја донесува победата во дебата.

### 3. Главен критериум при судењето се аргументите

Исполнувањето на улогата не е доволно за да може да констатираме дека еден тим бил успешен во дебатата. Тоа што е главната причина за постоењето на дебата воопшто е аргументацијата. Оттука аргументацијата е главен критериум при оценување една дебата. Тоа што судиите го оценуваат во дебата се анализата, содржајноста и релевантноста на тврдењата кои ги изнесуваат дебатерите.
Исполнувањето на улогите не мора да биде дури ни предуслов за успешност во дебата. Честопати искусните дебатери излегуваат од строгата рамка на исполнување на тимските и на индивидуалните улоги и задачи. На пример, лидерот на Опозицијата го претставува својот случај и притоа истовремено ги руши аргументите што ги изнел премиерот. Лидерот на Втората влада не понудува јасна екстензија, но ги подига нивото и квалитетот на дебатата нудејќи нови анализи итн. Сепак, внимавајте бидејќи ова може да биде лизгав терен, ова е умешност единствено на многу искусните дебатери.

## 8.3.1 Вреднување на аргументите во дебата

Едноставно е да се разбере дека аргументите се од клучно значење во дебатата, но тоа што е многу поважно и, се разбира, покомплексно е како, всушност, се оценуваат, односно се мерат аргументите во дебатата. Имајќи предвид дека во дебатата имаме 8 говорници и дека сите тие нудат аргументи и/или ги побиваат и одбиваат веќе презентираните аргументи можеме да согледаме колкава е комплексноста на судската одлука. Сепак, тоа што е круцијално и што секој дебатер мора да го разбере е дека судијата нема да го запишува, анализира и оценува секој збор кој сте го презентирале ниту, пак, ќе се обиде да разбере што сакате да кажете и колку е тоа важно. Тоа е работа која сами треба да ја завршите. Како дебатери на судијата мора да му идентификувате во што се состои самата суштина на вашата позиција, односно кои се најважните врски кои ги обединуваат вашите тврдења. Со други зборови, на судијата мора да му ги предочите најзначајните точки на судир во дебатата кои се релевантни и треба да бидат земени предвид при донесувањето на одлуката.
Дебатите најчесто се сведуваат на едно клучно прашање. На пример, дебата се одлучува така што споредуваме „државна интервенција наспроти слобода на пазарот", „директна наспроти репрезентативна демоктратија", „индивидуални наспроти колективни права", „заштита на човековите права наспроти суверенитетот на државите" итн. во зависност од самата тема на дебата. Релевантноста на аргументите се оценува преку тоа колкав придонес даваат аргументите за одговор на ова клучно прашање во корист на страната која ја застапувате.
Да претпоставиме дека клучните точки на судир се кристализирани. Повторно се јавува прашањето, колку се всушност вредни аргументите на едната или на другата страна во судирот. Дополнително треба да му покажате зошто перспективата од која вие ги објаснувате овие точки на судир е правилна, односно зошто вашата аргументација е најсилна во дебатата. Судијата, покрај релевантноста, ги оценува и квалитетот и содржината на аргументите.
По однос на квалитетот се зема предвид колку добро е развиен самиот аргумент, односно колку е истиот објаснет. Знаеме дека секој аргумент треба да се состои од тврдење, објаснување и докажување, а, притоа, сите елементи треба да бидат логички повзани. Доколку недостига еден од овие елементи, аргументот не е целосен. Понатаму судијата оценува дали дебатерите ги прошируваат и ги надоградуваат аргументите во текот на дебатата, дали ги објаснуваат врските меѓу различните аргументи и тезата која ја застапуваат итн.
За содржината на самите аргументи дискутабилно е колку судијата треба самостојно да ги проценува вистинитоста и значењето на аргументите. Постои границата на лично убедување која судиите не смеат да ја преминат, односно од нив се очекува да ги заборават своите лични убедувања во текот на дебатата. Секако, од судиите не може да очекуваме да заборават сè што знаеле пред дебатата. Доколку дебатерите користат аргументи кои се базираат на невистинити тврдења, а овие тврдења се темелат на општо знаење, се случува судијата да ги казни дебатерите, т.е. содржината на аргументот да ја пресуди како невалидна.

Organization for Security and
Co-operation in Europe
**Spillover Monitor Mission to Skopje**